Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Филозофски факултет

Институт за дефектологија

# ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ СО ЛЕСНА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

**- Магистерски труд -**

Кандидат:

**Емилија Георгиева**

Ментор:

**Доц. д-р Зоран Киткањ**

**мај, 2012**

**Скопје**

**ОДБРАНА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИТЕ СО ЛЕСНА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ

**Комисија за оцена на магистерски труд:**

**Кандидат:** **Емилија Георгиева**

**1. Доц. д-р Зоран Киткањ**

____________________________

**2. Проф. д-р Владимир Трајковски**

____________________________

**3. Доц. д-р Татјана Стојаноска**

____________________________

**Датум:**

____________________________

## *БЛАГОДАРНОСТ*

***На Доц. д-р Зоран Киткањ, што како мој ментор со своето знаење, посветено време и сестрана помош допринесе во создавањето на овој труд.***

***На Проф. д-р Владимир Трајковски и Доц. д-р Татјана Стојаноска за конструктивните дискусии и корисни информации при изработката на трудот.***

***На вработените и учениците од ДСУ „Искра", Штип.***

***На вработените и учениците од ДСУ „Св. Наум Охридски", Скопје.***

***На моето семејство, мојот непресушен извор на поддршка.***

***Искрено***

***Емилија Георгиева***

# Содржина

**ВОВЕД** ........ **8**

**I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ........ **10**

**1. Дефинирање на проблемот и основни поими** ........ **10**

**2. Фактори што влијаат на појавата на девијантно однесување** ........ **15**
2.1. Семејството како ризик - фактор за појава на девијантно однесување .... 15
2.2. Училиштето како ризик - фактор за појава на девијантно однесување .... 17
2.3. Друштвото на врсниците како ризик - фактор за појава на девијантно однесување ........ 19
2.4. Социјалната средина како ризик - фактор за појава на девијантно однесување ........ 20

**3. Видови девијантно однесување** ........ **23**
3.1. Проституција - поим, причини, општествена реакција ........ 23
3.2. Хазардни игри - поим, видови, општествена реакција ........ 24
3.3. Самоубиство и обид за самоубиство - поим, мотиви, општествена реакција ........ 26
3.4. Алкохолизам - поим, видови, општествена реакција ........ 29
3.5. Наркоманија - поим, причини, општествена реакција ........ 30
3.6. Меѓусебна поврзаност на различните видови девијантно однесување .... 33

**4. Мерки за превенција на девијантното однесување** ........ **35**

**5. Дефинирање на поимот *адолесценција*** ........ **39**
5.1. Карактеристики на адолесцентите со девијантно однесувањето ........ 42

**6. Дефиниција и класификација на интелектуалната попреченост** ........ **45**

**7. Карактеристики на лицата со интелектуална попреченост** ........ **49**

**8. Едукација на ментално ретардираните лица** ........ **51**
8.1. Средно образование и ученички домови за лицата со лесна интелектуална попреченост ........ 51

**9. Релевантни истражувања** ........ **54**

**II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ** ........ **56**

**1. Методологија на истражувањето** ........ **56**
1.1. Предмет на истражувањето ........ 56
1.2. Цел и карактер на истражувањето ........ 56
1.3. Задачи на истражувањето ........ 56
1.4. Хипотези ........ 57
1.5. Варијабли во истражувањето ........ 58
1.5.1. Независни варијабли: ........ 58
1.5.2. Зависни варијабли: ........ 58
1.6. Методи, техники и инструменти на истражувањето ........ 58
1.7. Примерок на истражување ........ 59
1.8. Статистичка анализа на податоците ........ 62
1.9. Време и место на истражувањето ........ 62

1.10. Организација и тек на истражувањето ... 62

**2. Резултати ... 63**

2.1. Вовед ... 63

2.1.1. Форми на девијантно однесување манифестирани од страна на учениците, водење на евиденција за истите и изречени воспитни мерки од страна на воспитно-образовниот кадар во средните училишта ... 63

2.1.2. Информираност на адолесцентите со ЛИП за негативните последици од девијантното однесување ... 68

2.1.3. Влијание на културно - образовното ниво на родителите врз појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП ... 76

2.1.4. Поврзаност меѓу дисфункционалните семејства и манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП ... 78

2.1.5. Поврзаност меѓу училишниот успех и девијантното однесување кај учениците со ЛИП ... 84

2.1.6. Поврзаност меѓу местото на живеење на учениците со ЛИП и манифестирањето на девијантно однесување кај истите ... 95

2.1.7. Поврзаност меѓу интернатскиот начин на згрижување на учениците со ЛИП и манифестирањето на девијантно однесување кај истите ... 97

2.1.8. Поврзаност меѓу возраста и појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП ... 101

2.1.9. Поврзаност меѓу полот и појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП ... 106

2.1.10. Поврзаност меѓу етничката припадност и појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП ... 108

**3. Заклучоци и препораки ... 111**

3.1. Заклучоци ... 111

3.2. Препораки ... 114

**ЛИТЕРАТУРА ... 116**

**ПРИЛОЗИ ... 126**

**Анализа на ученичко досие ... 126**

**Анкетен лист за воспитно образовен кадар во училиштето ... 129**

**Анкетен лист за членовите на стручниот тим во училиштето ... 133**

## РЕЗИМЕ

Современите текови на живеење и општествените промени низ кои минува нашата држава сè понегативно влијаат на развојот и однесувањето на младата популација. Адолесцентите со интелектуална попреченост, поради дефицитот во своето интелектуално функционирање, се изложени на уште поголем ризик од појава на девијантни облици на однесување.

Предмет на истражување: добивање сознанија за присуството на девијантни форми на однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост.

Цел на истражувањето: утврдување на ризикот од појава на девијантни форми на однесување кај адолесценти со лесна интелектуална попреченост кои живеат во семејство и во ученички домови, како и компарација на девијантното однесување во двете училишта (на учениците од ДСУ „Искра“ и ДСУ „Св. Наум Охридски“).

Примерок: адолесценти со лесна интелектуална попреченост, ученици во ДСУ „Искра“, Штип, и ДСУ „Св. Наум Охридски“, Скопје, како и воспитно–образовниот кадар и членовите на стручниот тим во двете училишта.

Инструменти: анкетен лист за воспитно-образовниот кадар и за членовите на стручниот тим.

Резултати: со статистичка обработка на податоците од истражувањето констатиравме дека училиштата немаат соодветна евиденција за девијантни појави меѓу учениците, а училишниот успех влијае на појавата на несакано однесување; адолесцентите со ЛИП немаат доволно сознанија за негативните последици од ваквото однесување, а родителите се главно незаинтересирани за соработка. Во поголем број случаи, девијантни форми на однесување се забележани кај постарите ученици.

Заклучок: активна и заемна соработка на сите надлежни субјекти што ја третираат оваа проблематика со цел навремено да се евидентираат појавите на девијантно однесување и да се преземат мерки и активности за сузбивање на ваквите несакани облици на однесување.


Клучни зборови: **девијантно однесување, адолесценција, лесна интелектуална попреченост**

## SUMMARY

Modern trends of living and social changes, through which passes our country, affect negatively at development and behavior of young people. Adolescents with intellectual disabilities, which have the deficit in his intellectual functioning, is under even greater risk of deviant forms of behavior.

Subject of research: getting information about presence of deviant forms of behavior at adolescents with mild intellectual disability.

Purpose of research: determining the risk of deviant forms of behavior in adolescents with mild intellectual disability who live in family and in school dormitories, and comparison of deviant behavior in Secondary school "Iskra" and Secondary school "Naum Ohridski".

Sample: adolescents with mild intellectual disabilities, students at the Secondary school "Iskra", Stip, and Secondary school "St. Naum Ohridski", Skopje, as well as educational staff and members of the professional team at both schools.

Instruments: questionnaire for the educational staff and for the members of the expert team.

Results: with the statistical processing of data from the survey we found that the schools don't have adequate records of deviant behavior among students and that school success affects the appearance of unwanted behavior. Adolescents with MID don't have enough knowledge about the negative consequences of such behavior, and parents are generally uninterested in cooperation. In most cases deviant forms of behavior are observed in older students.

Conclusion: active and mutual cooperation of all relevant entities which treat this matter with a purpose for registering occurrences of deviant behavior and measures and actions to combat these forms of unwanted behavior.


Keywords: **deviant behavior, adolescence, mild intellectual disability**

# УПОТРЕБУВАНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ААМР** | Американска асоцијација за ментална ретардација |
| **ДСУ** | Државно средно училиште |
| **IQ** | Коефициент на интелигенција |
| **ЛИП** | Лесна интелектуална попреченост |
| **ООН** | Организација на обединетите нации |
| **САД** | Соединети Американски Држави |
| **СЗО** | Светска здравствена организација |
| **ЦСР** | Центар за социјална работа |

# ВОВЕД

Во последните години сè повеќе загрижуваат податоците што укажуваат на зголемување на девијантните облици на однесување кај младите луѓе. Сиромаштијата, онаму каде што е доминантна состојба во општеството, претставува ризичен фактор за појава на разните видови неприфатливо однесување. Глобалниот промет на наркотици, оружје и луѓе во светот, а и кај нас, е фактор на ризик што особено ги погодува земјите во транзиција и развој, вклучувајќи ја тука и нашата држава.

Општествените промени и процесот на транзиција се рефлектираат и во семејниот живот, па семејството сè повеќе ја губи својата традиционална улога. Соочени со борбата за преживување, родителите често немаат време за своите деца. Понекогаш несогласувањата меѓу родителите се рефлектираат на квалитетот на живеење на нивните деца, а неретко децата стануваат и инструмент во стратегијата за борба на некој од родителите.

Системот на позитивни вредности сè повеќе ја губи својата важност, а сè почесто се применува макијавелистичкиот модел на однесување - луѓето не бираат средства за да стигнат до посакуваната цел, односно целта ги оправдува средствата. Ваквиот начин на манифестирање на повозрасните во семејството, за жал, се проектира и на оние најранливите - децата и младите. Недостатокот на комуникација меѓу родителите и децата, нарушените брачни односи, отсуството на воспитната компонента во училиштата и слично се најзначајните причини што придонесуваат за постојаниот пораст на трендот на девијантно однесување на малолетниците, а тоа претставува значаен општествен проблем.

И кај лицата со интелектуална попреченост често се среќаваат различни форми на девијантно однесување. Оваа појава не е резултат само на проблемот на ниската интелигенција. Односно, нарушеното однесување на лицата со интелектуална попреченост е резултат и на влијанието на многу етиолошки фактори што се карактеристични и за редовната популација, доколку се изложени на нивното

влијание. Ненавременото откривање и третирање на овие фактори може неповолно да се одрази на личноста и карактерот на адолесцентот со интелектуална попреченост.

Ниското ниво на интелигенција, заедно со некои други особини на личноста, како што се: емоционална лабилност, сугестибилност, отсуство на морални и социјални вредности, како и влијанието на социјалните услови и односи во кои се развива младата личност можат да станат решавачки фактори, а не само еден од факторите во етиологијата на девијантното однесување.

На девијантните форми на однесување секое општество реагира со неодобрување и морална осуда, а се преземаат и различни општествени мерки за нивна превенција, редукција и елиминирање.

Ова истражување ќе биде насочено кон појавата на оние форми на девијантно однесување што, во современиот свет и кај нас, со својот интензитет и распространетост сè повеќе добиваат статус на социјален проблем. Поточно, цел на истражувањето е појавата на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост кај нас, односно откривање на причините и факторите што доведуваат до вакви форми на неприлагодено однесување.

# I. ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 1. Дефинирање на проблемот и основни поими

### Дефинирање на поимот *девијантно однесување*

За да може да се даде дефиниција за девијантното однесување, најпрвин треба јасно да се прецизира значењето на самиот поим *однесување.*

Според Лукиќ, под однесување се подразбира секое држење на поединецот, како физичко така и психичко, активно или пасивно, односно важно е однесувањето да се забележува надворешно, доколку е физичко, или преку надворешните знаци да може да се спознае, доколку е психичко.

Во литературата постојат голем број различни термини со кои се одредува категоријата на лица со општествено неприфатливо однесување. Меѓу најчесто користените термини се: *воспитна запуштеност, општествена неприлагоденост, лошо општествено однесување, девијантно однесување* и слично (Jašović, 1991).

Од социолошки аспект (Циниќ, 1988) општествената девијантност опфаќа две области на истражување, и тоа:

- однесувањето на луѓето коешто во значајна мера отстапува од општествените норми на една заедница и предизвикува општествена реакција на неодобрување – девијантно однесување;
- секој вид или степен на слабеење или распаѓање на формалните и неформалните обрасци на општествените односи на кои се заснова организацијата на групите или институциите, а последица од тоа е нивна неспособност за ефикасно дејствување, во согласност со утврдени или признаени цели, со што доаѓа до состојба на општествена дезорганизација.

Појавата на девијантно однесување, особено во периодот на младоста, има влијание во формирањето и стабилизирањето на структурата на личноста, а

истовремено може да претставува и стимул за другите членови во општеството да го прифатат овој вид однесување.

Девијантното однесување е проблем во општеството на кој му се посветува големо внимание. Кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост постои опасност за појава на девијантно однесување затоа што барањата што произлегуваат од, условно речено, нормалниот општествен начин на живеење се секогаш посупериорни од нивните можности, и тие не можат адекватно да одговорат. Кај лицата што се емоционално растроени, уште во предадолесцентниот период од нивниот живот се манифестираат првите знаци на девијантно однесување: бегање од часови, бегање од дома, скитање и слично.

Healey (2011), истакнува дека децата со попреченост во развојот се за 7 пати повеќе изложени на ризик од девијантно однесување и злоупотреба во споредба со нивните врсници од редовната популација.

Постојат неколку теоретски модели, наречени развојни теории, кои даваат валидни објаснувања за развојот на нарушувањата во однесувањето, и со тоа овозможуваат научно засновано концепирање на ризичните и протективните фактори.

Според Павловиќ и Лепојевиќ (2010), најзначајни се следниве развојни теории:

- теорија за перзистентни нарушувања во текот на целиот живот и нарушувања во однесувањето лимитирани со адолесценцијата;
- интегративна теорија на когнитивен асоцијален потенцијал;
- интеракциона теорија;
- теорија на интегративна повеќеслојна контрола;
- општа, со возраста дефинирана теорија на неформална социјална контрола;
- модел на социјалниот развој.

### *1. Теорија за перзистентни нарушувања во текот на целиот живот и нарушувања во однесувањето лимитирани со адолесценцијата*

Автор на овој комплементарен пар на развојни теории е Terri Moffit, кој дефинира четири видови на личности со нарушено однесување:

- лица кај кои во раната возраст од развојот се јавуваат првите симптоми на нарушување во однесувањето и истите перзистираат во текот на целиот живот;
- лица што ги манифестираат нарушувањата во однесувањето само во периодот на адолесценција;
- лица што се воздржуваат од манифестирање на нарушувања во однесувањето во текот на целиот живот, односно апстиненти;
- лица што на ниско ниво манифестираат нарушувања во однесувањето и имаат специфични проблеми во менталното здравје.

Перзистентни нарушувања во текот на целиот живот во однесувањето се развиваат како резултат на реципрочната интеракција меѓу индивидуалните фактори и непоттикнувачкото социјално опкружување. Тие настануваат во периодот на детството и опстојуваат во текот на целиот животен век.

Нарушувањата во однесувањето лимитирани со адолесценцијата се јавуваат поради постоење јаз помеѓу созревањето и врсничкиот социјален контекст, кој ја лимитира можноста младите луѓе, со самото стекнување на биолошката зрелост да ги остварат целите, правата и обврските на возрасниот човек. Во моментот кога младите луѓе ќе ја постигнат легитимната улога на возрасни, престанува ваквиот облик на нарушување во однесувањето.

### *2. Интегративна теорија на когнитивен асоцијален потенцијал*

Конципирана од David Farington, како главен причинител за појава на девијантно однесување го потенцира индивидуалниот капацитет, односно нивото на антисоцијален потенцијал, кој зависи од следните фактори:

- импулсивност;
- тешкотии во реализирање на поставените цели;
- моделирање;
- социјализација;
- антисоцијални модели на учење.

Краткотрајни фактори што имаат влијание се мотивационите и ситуационите фактори, а нивните ефекти се директно условени од конкретната ситуација и од мотивацијата на личноста.

### *3. Интеракциона теорија*

Креирана е од Terence Thornberry и Marvin Krohn. Истата е насочена кон објаснување на интеракцијата меѓу факторите кои иницираат нарушување во однесувањето во различни развојни периоди. Појдовна идеја е дека факторите варираат со возраста, односно на различни развојни фази влијаат различни фактори кои се во реципрочна интеракција. Нарушувањето во однесувањето во периодот на адолесценција е поради влијание на индивидуалните фактори, кои до тогаш не доаѓале до израз поради супортативната улога на семејството.

### *4. Теорија на интегративна повеќеслојна контрола*

Според оваа теорија чиј автор е Marc le Blanc, нарушувањата во однесувањето се детерминирани од 3 вида на контрола:

- Персонална контрола;
- Контрола на заедницата;
- Контрола на настаните.

Теоријата за контрола на настаните укажува дека конкретното манифестирање на нарушувањето во однесувањето зависи од следните фактори: рутински активности (во семејството, врсниците, училиштето), самоконтрола, конкретни околности и физичка заштита. Регулирањето на овие фактори е под влијание на контролата на заедницата и персоналната контрола.

### *5. Општа, со возраста дефинирана теорија на неформална социјална контрола*

Robert J. Sampson и John H. Laub даваат објаснување според кое појавата, динамиката и престанокот на нарушувањето во однесувањето е во зависност од процесот на неформална социјална контрола кој варира со возраста. Неформалната социјална контрола се реализира преку воспоставување на социјална конекција со различни животни домени. Во детството и адолесценцијата најзначајни се процесите на социјализација во семејството, училиштето и врсниците. Дополнително влијание може да имаат и фактори од структурална природа (сиромаштија, социјална и етничка припадност, дисфункционално семејство), и индивидуалните фактори на личноста.

### *6. Модел на социјален развој*

Според David J. Hawkins и Richard Catalano сите обрасци на однесување се резултат на учењето во процесот на социјализација, независно дали истите се просоцијални или антисоцијални. Социјалниот развој го сочинуваат четири процеси: можноста за вклучување во активности и интеракција со другите, степенот на вклучување и интеракција, вештината за учество во активности и интеракции и давањето на признание за учество во активности и интеракции. Кога овие процеси се конзистентни, доаѓа до развој на социјални конекции (приврзаност и посветеност) кои влијаат врз однесувањето на поединецот.

Облиците на девијантно однесување на детето (Радуловиќ, 2006) се стекнуваат преку учење по модел, или имитирање на другите луѓе од детското опкружување, односно самото учење претставува процес низ кој доаѓа до промени во однесувањето предизвикани од доживеаното искуство. Доколку посакуваното однесување се учи и се поткрепува на неадекватен начин, детето може да западне во конфликтна ситуација и да манифестира несоодветни емоционални реакции, како и асоцијално, односно девијантно однесување. Бандура идентификува 3 главни модели: членовите на семејството, членовите на супкултурата и симболичките модели што се јавуват во масмедиумите.

# 2. Фактори што влијаат на појавата на девијантно однесување

Поголемиот дел од својот живот луѓето го поминуваат вклучени во разни групи. Најчести причини за вклучување во одредена група се задоволување на разни видови човечки потреби и друштвената природа на човекот.

Припаѓањето кон групата, положбата и активностите на поединецот во нив влијаат не само на моменталното однесување на луѓето туку и на формирањето на нивните бројни карактеристики и на нивното однесување во целина.

Различните групи влијаат на личноста на поединецот, а тоа влијание може да се манифестира како ризик-фактор или како заштитен (протективен) фактор.

Ризик-факторите влијаат на зголемување на веројатноста за појава на девијантни облици на однесување, додека заштитните (протективни) фактори го редуцираат тоа влијание преку менување на начинот на кој младата личност реагира во одредена ситуација. Ризик-факторите и заштитните фактори егзистираат во сите социјални контексти во кои се случува социјална интеракција. Овие социјални контексти се наречени домени и во нив спаѓаат семејството, училиштето, врсниците и социјалната средина (Golubović и сор., 2005).

## 2.1. Семејството како ризик - фактор за појава на девијантно однесување

Влијанието на семејството врз развојот на личноста е особено значајно. Тоа претставува примарна група и во него детето ги стекнува првите навики, морални и естетски норми, интелектуални предиспозиции и ги развива првите особини на неговата личност.

Детството има пресудна улога за понатамошниот развој на човекот. Нефункционалните семејства се најчесто сиромашни, со самохран родител и со поголем број деца. Истите се најчесто социјално изолирани, а самите родители имаат недоволно развиени комуникациски вештини, емпатија и се насочени да имаат пониско мислење за сопствените способности (Downs, Moore и McFadden, 2010).

Семејството може да претставува ризик-фактор за појава на одреден вид девијантно однесување, но и многу значаен заштитен фактор, во зависност од

различните услови и околности. Според Националниот центар за превенција од криминал (National crime prevention centre, 2008), во групата на ризик-фактори спаѓаат:

- ризик-фактори асоцирани со семејната динамика и семејното функционирање;
- ризик-фактори асоцирани со семејните карактеристики;
- ризик-фактори поврзани со резиденцијалната област.

Во ризик-фактори асоцирани со семејната динамика и семејното функционирање се вбројуваат:

- неефективно родителско однесување (несоодветна дисциплина, недостаток на супервизија, непостоење на можност за воспоставување јасни граници, па кај децата од ваквите семејства постои 4 пати поголем ризик да пројават одреден вид девијантно однесување);
- родители со криминално однесување (доколку одреден член од семејството е со криминално однесување, истото претставува ризик-фактор, особено кај момчињата);
- малтретирање и семејно насилство (ризик-факторот за појава на девијантно однесување е поголем доколку во текот на детството лицето било изложено на семејно насилство и малтретирање);
- родители-зависници од супстанции (злоупотребата на наркотици е за 2 пати почеста кај адолесценти чии родители се зависници, додека кај конзумирањето алкохол, поголемо е влијанието на врсниците).

Ризик-фактори асоцирани со семејните карактеристики:

Адолесцентите што потекнуваат од нецелосни семејства се изложени на поголем ризик за девијантно однесување од оние што живеат во потполно семејство, но, сепак, ризикот е помал во споредба со оние адолесценти што живеат со двајцата родители, но кои пројавуваат девијантно однесување. Зголемените семејни транзиции исто така се сметаат за ризик-фактор, но, во основа, влијанието на оваа група ризик-фактори поврзани со семејните карактеристики има помало влијание за појава на девијантно однесување.

Ризик-фактори асоцирани со резиденцијалната област:

Социјалниот контекст е од големо значење за развој на девијантно однесување. Кај адолесцентите што живеат во области со поголем степен на

сиромаштија, како и во семејства во кои недостига родителската супервизија постои поголем ризик за појава на девијантно однесување.

Заштитните (протективни) фактори во одредени ситуации се јавуваат како ризик-моделатори со цел да им се помогне на адолесцентите успешно да ги избегнат оние ризични ситуации од кои би можеле да произлезат негативни консеквенции.

Заштитни (протективни) фактори асоцирани со семејството:

- семејни конекции со висок квалитет на взаемни односи;
- успешна интеграција на семејството во пошироката заедница;
- достапност до различни видови услуги, како и до ресурсите што ги нуди заедницата.

Во семејството како социјална заедница, хармонијата и стабилноста, како и соодветниот начин на воспитување се значаен предуслов за развој на стабилна и морално изградена личност. Во спротивно, се јавува опасност за појава на одреден вид девијантно однесување. Критериумите за нормално и патолошко семејство се подложни на општествени, климатски, историски, географски и други варијации (Farrington и Welsh, 2007).

Семејниот модел, особено родителите се посебно значајни до периодот на адолесценцијата. Со почетокот на раната адолесценција, веројатно е дека ќе доминираат моделите од врсничките групи.

## 2.2. Училиштето како ризик - фактор за појава на девијантно однесување

Училиштето исто така претставува мошне значаен фактор во развојот на личноста и за нејзината социјализација воопшто.

Во училиштето младите луѓе здобиваат нови знаења и се оспособуваат за вршење одредени занимања, но истовремено се проверуваат особините на зрелост што се формирани во семејството и меѓу врсниците. Во системот на образование се усвојуваат одредени правила на однесување и се запознаваат општествените вредности според кои се адаптира младиот човек, како предуслов за успешно функционирање во заедницата (Бошковиќ, 1995).

Доколку адолесцентот е позитивно прифатен во училиштето, кај него се создава чувство на сигурност и тој остварува повисок степен на академски

достигнувања, во спротивно, училиштето станува извор што генерира непријатности.

Како ризик-фактори во рамки на училиштето, O'Neill (2008) ги вбројува следниве:

- ниски академски достигнувања;
- негативен став кон училиштето;
- незаинтересираност за училиштето;
- маркирање/чести отсуства;
- напуштање на училиштето;
- несоодветна училишна клима;
- идентификување на ученикот како ученик со посебни потреби;
- чести училишни транзиции.

Истиот автор во групата на заштитни (протективни) фактори ги вклучува:

- училишна мотивираност/позитивен став кон училиштето;
- позитивна училишна конекција;
- академски достигнувања;
- можности за просоцијално училишно вклучување;
- награди за просоцијално училишно вклучување;
- јасни училишни правила и стандарди;
- високи очекувања од учениците.

Учејќи и пишувајќи ги домашните задачи, кај ученикот се развива позитивен однос кон работата, одговорност и истрајност. Дружејќи се со другарите, ученикот ги развива особините на пријателство, алтруизам и соработка. Влијанието на училиштето е поголемо во раната детска возраст, кога учениците по пат на имитација се обидуваат да се идентификуваат со своите учители.

Во училиштата, сè почесто доаѓа до занемарување на воспитната компонента во севкупниот воспитно-образовен процес. Ковачевиќ укажува на поврзаноста помеѓу училишните проблеми со проблемите во однесувањето. Неуспехот во училиштето го зголемува ризикот за напуштање на школувањето, за користење недозволени супстанции, за деликвенција и за други форми на девијантно однесување (Радовановиќ, 2007).

Покрај тоа, училишниот неуспех може да доведе до појава на фрустрации и намалено самопочитување, а тоа најчесто се компензира со асоцијален начин на однесување.

Цел на воспитувањето на младите индивидуи е вградување морални норми, ставови и позитивни карактерни особини на личноста што ќе овозможат развој на способности за водење општествено корисен живот.

## 2.3. Друштвото на врсниците како ризик - фактор за појава на девијантно однесување

Друштвото на врсниците е особено важно во развојот на личноста, особено во периодот на адолесценција. Истите можат да генерираат моќни заштитни и ризик-фактори. Младите луѓе, вообичаено, бараат врсници што се слични на нив и од кои очекуваат емоционална поддршка доколку истата не ја добиваат во семејното опкружување (Haase и Pratschke, 2010).

Детето учи да се дружи уште од предучилишна возраст. Врсникот се бира за пријател не само на основа на искуството и остварените контакти и стандарди создадени на таа основа туку и на основа на склопот на свесни и помалку свесни претстави и претпоставки за тоа каква соработка е посакувана и каква треба да биде личноста со којашто се другарува. На различни возрасти, постојат различни модели.

Врсниците во периодот на адолесценција се подобен извор за стекнување самодоверба. Преку компарација на сопственото со однесувањето на врсниците, адолесцентот добива информации за сопствените вредности и гради слика за себе (Alaska Division of Behavioral Healt, 2011).

Група автори идентификуваат три типа варијабли што можат да ги направат адолесцентите подложни на влијание на врсниците. Првиот тип се однесува на позицијата на секоја индивидуа во кругот на пријателите. Адолесцентите со маргинализиран статус се поподложни на влијанието на нивните врсници. Втората варијабла што може да предизвика зависност и влијание е квалитетот на релации што ги остваруваат адолесцентите со другите луѓе. Влијанието на врсниците е помало доколку лицето има изградено блиски односи и односи на доверба со своето семејство. Третата варијабла е преземањето активности што можат да доведат до конфликт во групата. Адолесцентите се помалку зависни од нивните врсници кога

поголемиот дел од својата енергија ја користат во активности како што се академска работа или занимавање со спорт.

Бенефит за адолесцентите можат да претставуваат и поддржувачките (супортативни) пријателства со нивните врсници. При тоа девојчињата во поголем обем воспоставуваат пријателства базирани на високо ниво на доверба во споредба со момчињата.

Поддржувачките (супортативни) пријателства се значајни и за правилниот развој на личноста на адолесцентот. Во такви случаи тие покажуваат поголем степен на самопочитување, повисока репутација меѓу врсниците и зголемено ниво на академски достигнувања (Graber, Gunn и Petersen, 1996).

Врсниците во текот на адолесценцијата се значаен фактор во развојот на интересите, при што идентичните интереси се предуслов за формирање и развој на врсничките групи.

Постојат такви групи во кои единките се особено цврсто поврзани, но кои влијаат агресивно и деликвентно, па ризик - факторите што се појавуваат во ваквите групи се сметаат за најважни во периодот на адолесценција. Негативните влијанија од врсниците што се јавуваат во периодот на адолесенција имаат тенденција да прераснат во посериозни форми на антисоцијално или деликвентно однесување (Heilbrun, Goldstein и Redding, 2005).

## 2.4. Социјалната средина како ризик - фактор за појава на девијантно однесување

Секој човек се развива во конкретната општествена заедница што ги диктира нормите на однесувањето. Постојната култура во таа заедница ја претставуваат ставовите, вредностите, убедувањата, како и голем број манифестации и институции. Нормите на однесување што ги диктира една култура зависат од начинот на организираност на конкретната општествена заедница, од нејзиниот историски развој и од традициите што владеат во неа.

За да може едно општество да опстане и успешно да функционира, треба да има изградено систем на вредности што ќе биде почитуван од членовите на заедницата, а воедно ќе претставуваат и основа за лична сигурност и за стабилност на заедницата како целина.

При формирањето на општествените вредности, влијание имаат низа фактори, како што се карактеристиките на личноста, процесот на социјализација и припадноста на одредени групи. Вредносните ориентации и стандарди се променлива категорија, а адолесцентите се однесуваат со доза на резервираност кон вредностите што ги наследуваат, особено ако истите им се присилно наметнати Manzoni (2006).

Општествената заедница е еден од клучните фактори за позитивен развој на адолесцентите. Заедницата треба да овозможи формирање силно чувство на заедништво, безбедно опкружување и ефикасни владини сервиси наменети за младите луѓе. Како ризик-фактори и заштитни (протективни) фактори поврзани со заедницата, според Find youth info (2011) наведени се следниве:

- Ризик-фактори: достапност до алкохол и психотропни супстанции, достапност до оружје, висока стапка на криминал во заедницата, економска депривација и сиромаштија, небезбедно и дезорганизирано соседство, социјални и физички нарушувања и недоволни контакти со заедницата;
- Заштитни (протективни) фактори: јасно дефинирани оштествени норми, политики на санкции за прекршоците и наградување на просоцијалното однесување, високи очекувања на заедницата, безбедна животна средина и ниска стапка на криминал во заедницата.

Општеството е соочено со предизвик за креирање продуктивни активности за младите луѓе и за нивна подобра супервизија. Грижа на заедницата е да овозможи услови младите луѓе рационално да го користат своето слободно време преку различни активности од забавна, рекреативна, општествена и едукативна природа. Правилното користење на слободното време му овозможува на младиот човек да развие сопствени ставови, интереси, размислувања и начин на однесување.

Неорганизираниот начин на користење на слободното време е карактеристика на адолесцентите со девијантно однесување, при што тие посветуваат поголемо внимание на хедонистички активности со повисок степен на динамика и авантура.

Доколку не постојат организации и установи од таков тип, слободното време претставува празно време исполнето со досада во кое адолесцентите се препуштени сами на себе и, во потрага по авантура, наидуваат на бројни искушенија што можат да доведат до несакани облици на девијантно однесување.

Средствата за масовна комуникација имаат голема моќ на влијание, која е насочена кон широк аудиториум, и преку своите содржини можат негативно да влијаат на развојот на малолетниците и да доведат до појава на девијантно однесување. Негативните ефекти што ги предизвикуваат средствата за масовна комуникација, според статијата објавена од Sackett (2011), се однесуваат на следниве сегменти:

- насилство и агресија;
- сликата за сопственото тело;
- алтруизам и однесување поттикнато од заедницата;
- академски достигнувања.

Младите луѓе во текот на адолесценцијата се наоѓаат во фаза на развој, стекнуваат навики и се идентификуваат со позитивни или негативни примери.

Масовните медиуми му презентираат на младиот човек стил на живот што не е заснован на академски достигнувања, туку ја глорифицираат сатисфикацијата од краткотрајните задоволства.

# 3. Видови девијантно однесување

## 3.1. Проституција - поим, причини, општествена реакција

Проституцијата претставува најстара форма на девијантно однесување. Според современите сфаќања за нејзиното значење, таа претставува давање одреден вид сексуални услуги на други лица, кои можат да бидат од ист или од спротивен пол, односно хетеросексуална или хомосексуална проституција. Главни елементи на самиот однос се плаќање (материјална или финансиска корист), промискуитет и емоционална рамнодушност.

По својот облик проституцијата како начин на девијантно однесување може да биде неорганизирана или улична проституција. Доколку во една средина стане релативно распространета, може да дојде до организираност на истата. Како облици на организирана проституција се среќаваат: јавни куќи, ескорт агенции – агенции за посредување, а во последно време сè позастапена е формата на организации што наводно се занимаваат со некоја општествено призната дејност, а всушност се занимаваат со прикриен облик на проституција.

Најчесто причините за појава на проституција се од општествена природа, но во одредени случаи како причина може да се наведат физичките и психичките карактеристики на личноста (Schwartz, 2011).

Група автори наоѓаат поврзаност меѓу проституцијата и некои рани искуства на сексуална злоупотреба, како последица на чувство на вина, страв и губење на самопочитта поради што младите девојки занимавањето со проституција го сметаат како единствен животен избор. Проституцијата се врши под закрила на подведувачи, кои го земаат најголемиот дел од заработката на девојките што се изложени на уцени, на физичко и психичко насилство од нивна страна (National center for missing & exploited children, 2002).

Во денешни услови е значаен и проблемот на таканаречената трговија со бело робје или принуда на млади жени, девојки и деца да вршат проституција, а тоа претставува една од најтешките форми на експлоатација и е сè поприсутна во меѓународни размери.

Лицата со лесна попреченост во интелектуалниот развој, поради нивната лесна подводливост и сугестибилност спаѓаат во групата на ризични лица кај кои може да се појави овој вид на девијантно однесување.

Во случај на сиромаштија и недостаток од алтернативни начини за доаѓање до приход, многу семејства ги продаваат или ги даваат своите деца за вршење проституција, под претпоставка дека поради нивната попреченост полесно ќе се согласат на таков чин, и/или помалку се способни да побараат помош (Groce и Paeglow, 2005).

Интенција на современите општества е да го контролира човековиот сексуален живот преку систем на норми, поврзувајќи го при тоа сексуалниот чин за некои потенцијално стабилни општествени односи меѓу кои бракот е најпочитувана и најодобрувана институција. Поголем број автори сметаат дека проституцијата сама по себе не треба да се смета за казниво дело, а акцентот треба да се стави на изнаоѓање најсоодветни мерки и програми за нејзина превенција, потиснување и рехабилитација на лицата што се занимаваат со неа. Главни организатори на овие активности треба да се установите за социјална заштита, а со процесот на рехабилитација треба да се овозможи повторно враќање во нормален живот на жртвите на проституција, пред сѐ на децата, на лицата со интелектуална попреченост и на жртвите на трговија со луѓе.

Во нашиот правен систем самата проституција не е кривично дело, меѓутоа казниви се оние поведенија што значат врбување, поттикнување или намамување на проституција, или на кој било друг начин посредуваат во вршењето на проституција (Кривичен закон на Република Македонија, 1996, член 191).

## 3.2. Хазардни игри - поим, видови, општествена реакција

Хазардните игри ги вклучува комарот и игрите на среќа и се вид на човеково однесување што предизвикува реакција од општествената средина, зошто се во спротивност со одредени морални норми што владеат во неа. При тоа се прави разлика меѓу хазардни игри како што се противправна игра и противправно обложување (забранет комар) и хазардни игри како што се дозволените игри на среќа и дозволеното обложување (дозволен комар).

Во случај кога овие игри имаат карактеристика на задоволство, возбуда, контролирано трошење на средства и слободно време, тогаш не се сметаат за

зависност, зашто играта е цел сама за себе, а не средство за стекнување одредена материјална корист. Но кога истите ќе станат постојана навика, опсесија и доминантен дел од секојдневниот живот, тогаш стануваат вистинска зависност. Коцкањето се смета за општествена девијација во случај кога од игра ќе се претвори во професионална активност што доведува до низа општествени и психички последици.

American Psychiatric Association (DSM-5, 2010), нарушувањата асоцирани со коцкање ги класифицира во групата на зависности и сродни нарушувања. Според оваа класификација, перзистентното и повремено зависничко коцкарско однесување е индицирано од пет (или повеќе) од следниве симптоми:

- преокупираност со коцкање (евоцирање на претходни коцкарски искуства, планирање на следниот ризик и изнаоѓање начини како да се дојде до средства за наредното коцкање);
- потреба за коцкање со поголема сума пари со цел да се постигне посакуваната возбуда;
- повеќекратни неуспешни обиди за контрола или да се престане со коцкање;
- анксиозност или иритираност при обидите да се престане со коцкање;
- коцкањето е начин да се побегне од проблемите или ослободување од негативно расположение (чувство на беспомошност, вина, депресија, анксиозност);
- по губење одредена сума, враќање следниот ден со надеж за добивка;
- лажење на членовите на семејството или терапевтот со цел да се прикрие степенот на зависност од коцкање;
- загрозување или губење сигнификантни врски, работа, достигнувања во образованието или кариерата поради коцкање;
- се потпира на други лица за да ја ублажи очајната финансиска состојба предизвикана од коцкање.

Се смета дека коцкањето е најчест вид девијантно однесување, раширен во сите општествени средини и во сите општествени слоеви, а разлики постојат само во начинот на коцкање или во видот на коцкарските игри, системот на организирање на игрите и во големината на влогот.

Овие игри се популарен и актуелен начин на однесување кај адолесцентите. Општа дефиниција е дека коцкањето е ризично вложување на нешто од вредност (вообичаено, но не секогаш пари) со надеж за добивка.

Ризик-фактори за патолошко коцкање кај адолесцентите се: родители со коцкарски проблеми, рана возраст на прва коцкарска активност, поголема импулсивност, злоупотреба на супстанции и семејносоцијални проблеми. Компулзивното или адиктивно коцкање во медицинската терминологија се сретнува под терминот *патолошко*. Постојат извесни разлики меѓу адолесцентите и возрасните лица. Последиците од коцкање кај возрасните имаат поголема магнитуда, особено во поглед на финансиите и општествените контакти.

Од друга страна, адолесценцијата претставува степен на развој во кој младите луѓе се соочуваат со низа минливи проблеми, бараат нови искуства, ги тестираат лимитите и преземаат сигнификантно поголеми ризици во однос на возрасните. Младите луѓе имаат недоволно развиени когнитивни вештини за да ги сфатат консеквенциите и да ги предвидат ризиците (Kirk, McQuillan и Stillman, 2008).

Сè позабрзаниот технолошки развој и достапноста на електронските медиуми, меѓу младите луѓе овозможува нивно позачестено учество во интернет-страниците на кои можат да се коцкаат. Според искажувањата на младите луѓе во САД, дури 25% од адолесцентите со сериозни коцкарски проблеми ги користат овие интернет-страници (Wiber и Potenza, 2006).

Кај лицата со лесна попреченост во интелектуалниот развој можноста за појава на овој вид девијантно однесување е поголема бидејќи тие не можат да го проценат ризикот и неконтролирано се впуштаат во играње комар, несвесни за можните последици.

## 3.3. Самоубиство и обид за самоубиство - поим, мотиви, општествена реакција

Самоубиството претставува акт на свесно и намерно уништување на сопствениот живот, без разлика дали намерата била определена или нејасна, односно дали се работи за нормални или патолошки мотиви. Тоа претставува чин на автодеструкција поврзан со идеја за смртта и свесност во намерата и последиците од

ваквото однесување. Секој друг автодеструктивен чин во којшто не постои намера за предизвикување смртни последици, не се вбројува во самоубиства.

Самоубиството претставува значаен проблем, особено меѓу младата популација. Кај младите луѓе на возраст од 10 до 24 години самоубиството претставува трета водечка причина за смрт. Centers for disease control and prevention (2009), како критични фактори што доведуваат до самоубиство меѓу адолесцентите ги наведува следниве:

- историја на претходни самоубиствени (суицидални) обиди;
- фамилијарна историја на самоубиства;
- депресија и други ментални нарушувања;
- злоупотреба на алкохол и дрога;
- стрес и лесен пристап до фатални методи на самоубиство.

Според психолошките и психијатриските концепти, во прв план се става суицидната личност, односно лицето што извршува самоубиство има одредени ментални или емоционални растројства. Според социолошките концепции, пак, како причина се наведуваат нарушените односи на релација индивидуа - општество.

Самоубиството како облик на девијантно однесување, денес, во САД го зазема 11-тото место во водечките причини за настапување на смрт. Кај лицата со интелектуална попреченост стапката на преваленција на самоубиства и обиди за самоубиство изнесува 6,7%.

За лицата со интелектуална попреченост преовладувал ставот дека недоволниот интелектуален капацитет има улога на амортизер во обидот за самоубиство, додека низа студии покажуваат дека кај оваа категорија луѓе се среќаваат истите симптоми за самоубиство како и кај редовната популација. Како релевантни ризик-фактори за самоубиство и обид за самоубиство кај лицата со интелектуална попреченост се наведуваат следниве: сексуална злоупотреба, стрес, историја на претходно психијатриско хоспитализирање, депресија, осаменост, анксиозност, дезорганизирано семејство и недоволна социјална поддршка. Во однос на полот, кај машките лица со интелектуална попреченост постои поголема веројатност да извршат самоубиство (Merrick и сор. 2006).

Самоубиството отсекогаш предизвикувало големо внимание поради фактот што е единствен облик на однесување со кое не само што се отфрлаат и негираат општествените вредности и норми туку доаѓа и до отфрлање на самиот себеси како

член на општествената заедница. Како облик на девијантно однесување, во повеќето општества наидува на осуда затоа што со него се прекршуваат нормите, вредностите и очекувањата во однос на човековиот живот што ги одредува определеното општество.

При обидите за самоубиство, најчесто станува збор за алармен сигнал, односно имаат ефект на повик за помош, но можат да бидат и резултат на хистерична реакција или манипулативен тип на реакција. Иако луѓето што се самоповредуваат вообичаено не се обидуваат да извршат самоубиство, сепак се под поголем ризик да го прекинат својот живот, без разлика дали постои намера за тоа или не (Pearlman, 2011).

Според истиот автор, како суицидално ранливи категории се сметаат:

- девојки и млади жени;
- млади луѓе на возраст помеѓу 15–25 години;
- лица опфатени во резиденцијални центри или казнено-поправни установи;
- лица со различна сексуална определба;
- лица-зависници од алкохол и наркотични средства.

Без разлика на степенот на сериозност на обидот за самоубиство, тоа укажува на суицидална загрозеност на лицето, при што се земаат предвид следниве критериуми:

- опасност по животот;
- потенцијална загрозеност на виталните телесни функции;
- интензитет на суицидалната намера;
- општествена констелација во време на обидот, односно можноста за интервенција.

Критичен период по обидот за самоубиство се следните 2-3 години, кога постојат индиции обидот да се повтори кај 10-20% од лицата, а во 6% повторната намера за самоубиство завршува фатално (Циниќ, 1988).

Според нашето кривично законодавство, самоубиството и обидот за самоубиство не се казнува, а казни се предвидени само во случај на поттикнување и помагање при извршување самоубиство (Кривичен закон на Република Македонија, 1996, член 128). Сепак, овие девијантни појави наидуваат на став на неодобрување.

## 3.4. Алкохолизам - поим, видови, општествена реакција

Алкохолизам е појава на долготрајно и прекумерно земање алкохол, која може да се манифестира во акутна и хронична форма, а последиците од него се одразуваат на физички, психички, економски и социјален план.

Во статија објавена од MedicineNet.com (2011), алкохолизмот е болест на којашто укажуваат следниве 4 симптоми:

- желба - силна потреба или нагон за пиење;
- губење контрола - неможност да се престане со употреба на алкохол;
- физичка зависност - симптоми како треперење, вознемиреност и сл. откако ќе се престане со пиење;
- толерантност - потреба од конзумирање поголеми количини алкохол.

Како форма на девијантно однесување, алкохолизмот се развива во текот на подолг континуиран период што се карактеризира со следниве фази:

- основна – предалкохоличарска, стадиум на ексцесивно пиење;
- средна – предтоксикоманска, стадиум на алкохолна зависност;
- завршна – токсикоманска, стадиум на хроничен алкохолизам.

Процесот на развој на алкохолизам трае во просек од 12 до 18 години, во зависност од времето на појава на првите знаци на алкохолизам. Доколку овие симптоми се појават подоцна, целиот процес на стекнување зависност трае пократко време. При формирањето на зависност од алкохол значајна улога имаат повеќе меѓусебно поврзани фактори, како што се генетските, семејните и срединските фактори, како и структурата на личноста на поединецот и неговото емоционално здравје (Birch, 2008).

Претераната употреба на алкохол предизвикува бројни последици, како што се губење на општествениот статус, нарушени семејни односи, често отсуствување од работа и губење на работното место, како и прогресивна изолација од заедницата и постепено повлекување на алкохоличарот од многубројни општествени релации (Smith, Robinson и Segal, 2011).

Распространетоста на алкохолизмот во одредени средини варира во зависност од присуството и влијанието на бројни општествени, економски и културни фактори.

Меѓу позначајните причини за појава на алкохолизам кај младата популација се сметаат следниве:

- раната возраст за конзумирање алкохолни пијалаци;
- лошиот социоекономски статус на семејството;
- одредени психијатриски нарушувања кај младиот човек.

Според најновите податоци на WHO (11.02.2011), околу 4% од вкупните причини за смрт се поврзани со алкохолот. На годишно глобално ниво, 320 000 млади луѓе на возраст меѓу 15-29 години го завршуваат својот живот од причини поврзани со алкохол, што претставува околу 9% од причините за смрт на таа возраст.

За намалување на штетното дејство на алкохолот, земјите-членки на СЗО на последното годишно собрание имаат донесено низа мерки, како што се: воведување данок за трговија со алкохолни пијалаци, редукција на можноста за продажба на алкохол и зголемување на возрасниот лимит на лицата што можат да купуваат и да конзумираат алкохолни пијалаци.

Во светот преовладува медицинскиот модел на реагирање против алкохолизмот, односно алкохолизмот се смета за болест чие лекување се врши во рамки на медицинскиот систем. Лекувањето и рехабилитацијата на алкохоличарите е на доброволна основа, освен во случај кога алкохоличарот е осуден за сторено кривично дело и се изрекува безбедносна мерка за задолжително лекување.

Покрај ова, се преземаат и низа административно-превентивни мерки, како што е забраната за точење алкохол на малолетни лица.

## 3.5. Наркоманија - поим, причини, општествена реакција

Експанзијата на дрогата во светот, а и кај нас, е најзабележлива во шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век. Овој период е карактеристичен по масовното користење дрога и по употребата на сè појаки видови, како од биолошко потекло така и на нови синтетички дроги добиени во фармацевтската индустрија.

Според дефиницијата за наркоманија (Алексиевски, 2005), таа претставува „состојба на периодични или хронични интоксикации, штетна по личноста и општеството, предизвикана со земање природна или синтетичка дрога". Освен терминот *наркоманија,* во литературата се сретнува и терминот *токсикоманија*, кој означува употреба на различни средства што доведуваат до појава на зависност со своето токсично дејство.

Под поимот *дрога* спаѓаат различни видови средства и супстанции што подлежат на општествена контрола, пред сè опојните дроги и психотропните супстанции чија заедничка карактеристика се психоактивните ефекти и кои се во состојба да предизвикаат физичка или психичка зависност.

Психичката зависност се манифестира преку потребата за доживување пријатни чувства, односно отстранување на емоционални непријатности, додека физичката зависност или адикција се состои во адаптирање на организмот на одредени средства. Во стадиум кога организмот ќе се навикне на постоечките дози, доаѓа до резистентност или потреба за внесување поголеми количини наркотици, или фаза позната како толеранција. Прекинувањето, пак, на користење наркотични средства доведува до низа метаболички промени и дисфункции на централниот нервен систем, односно појава на апстиненцијален синдром (www.emedicinehealth.com, 2011).

Според инфлуенцата што ја имаат на однесувањето на човекот, дрогата се дели на наркотици, депресанти, стимуланси, халуциногени дроги и дроги што се добиваат од канабис (Edwards и Shiel, 2011).

Класификацијата на наркоманите се врши според различни критериуми. Во зависност од причините за употреба на дрога, разликуваме: оправдана наркоманија или корисници на фармаколошки средства за намалување болки, наркоманија од упорност или корисници на фармаколошки средства и по престанок на потребата од нив и примитивна наркоманија, која се сведува на користење дрога само поради психичките ефекти од истата.

Некои автори ги класифицираат наркоманите според зачестеноста на конзумирање дрога, и тоа:

- експериментатори - дрогата ја земаат повремено, но не се зависни од неа;
- рекреативци - уживатели на дрога во одредени услови и временски интервали;
- функционални зависници - редовни корисници, зависни од дрога, но не пројавуваат девијантно однесување;
- дисфункционални зависници - зависници од дрога со изразено девијантно однесување;
- тераписки консументи - лица зависни од наркотични медикаменти;

- Социотрадиционални консументи - лица што ги отфрлаат традиционалните вредности и формираат сопствени вредносни проекции.

Карактеристики на наркоманите се групната идентификација и формирање посебна супкултура со специфично антисоцијално однесување, норми и вредности. Меѓусебе се поврзани со висок степен на заемна морална поддршка и изградена сопствена „наркоманска“ филозофија, идеологија и терминологија.

Иако меѓу наркоманите се среќаваат и личности што покажувале ментални нарушувања пред да започнат со злоупотреба на дрогата, најчести жртви се младите здрави личности во периодот на адолесценцијата.

Причините поради кои лицата со интелектуална попреченост ја злоупотребуваат дрогата се доживеана психолошка траума и социјално дистанцирање од сопствената заедница. Во трауми од психолошка природа најчесто се смрт на близок член од семејството, подолготрајна физичка, психичка, финансиска и сексуална злоупотреба, депресија и анксиозност. Во причини од социјална природа се вбројуваат социјалната изолација, тешкотии при воспоставување пријателства и чувството на осаменост (Taggart и сор., 2007).

Адолесценцијата претставува особено критична возраст, затоа што младата личност е сè уште недоволно созреана, со неоформена структура на личноста, во потрага по својот личен идентитет. Борбата против наркоманијата мора да претставува организирано и координирано дејствување на голем број фактори: семејството, училиштето, здравствената служба и пошироката општествена заедница.

Во Кривичниот закон на Република Македонија (1996), во член 215 и 216 се наведени казнените одредби за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, како и за овозможување на употребата на наркотични дроги:

Член 215

(1) Тој што неовластено произведува, преработува, продава или нуди на продажба или заради продажба купува, држи или пренесува или посредува во продажба или купување или на друг начин неовластено пушта во промет наркотични дроги, психотропни супстанции или прекурсори, ќе се казни со затвор од една до десет години.

Член 216

(1) Тој што наведува друг на уживање наркотични droги и прекурсори или му дава наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори да ги ужива тој или друго лице или ќе стави на располагање простории заради уживање наркотични дроги и психотропни супстанции или на друг начин му овозможува на друг да ужива наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Ако делото од став 1 е сторено спрема малолетник или спрема повеќе лица или предизвикало особено тешки последици, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години (Кривичен закон на Република Македонија, 1996).

## 3.6. Меѓусебна поврзаност на различните видови девијантно однесување

Меѓу различните видови девијантно однесување постои заемна поврзаност. Постоењето на еден вид асоцијално поведение се засилува и со дејствувањето на останатите девијантни облици, а крајната последица е општествена деградација на овие лица. Покрај тоа, девијантните облици на однесување можат да бидат основа за појава на различни криминални поведенија. Девијантните облици на однесување имаат заеднички општествени извори, што придонесуваа еден од тие недозволени облици да иницира појава и на останатите.

Проституцијата во последно време сè повеќе е асоцирана со злоупотребата на алкохол, дрога и на останати психотропни супстанции. Влијанието на карактеристиките на средината во која престојуваат проститутките (кафеани, ноќни клубови) и достапноста на алкохолните пијалаци придонесува голем дел од нив да развијат ваква форма на девијантно однесување. Злоупотребата на наркотични средства е најчесто под влијание на подведувачите, кои ја користат дрогата како средство за потполно потчинување и експлоатација на проститутките. Проституцијата е во корелација и со одредени криминални активности во кои проститутката се јавува во улога на соучесник или извршител на кривично дело.

Коцкањето е важен елемент за развој на криминално и престапничко однесување. Зависноста од коцкање бара постојано вложување финансиски средства,

кои, ако не можат да се набават на легален начин, го ставаат коцкарот во ситуација да изврши различни кривични дела за да дојде до потребните финансиски или материјални вредности што ќе послужат како коцкарски влог. Коцкањето е поврзано и со алкохолизмот и проституцијата, при што негативните ефекти од коцкањето го зголемуваат дејството и на останатите форми на девијантно однесување.

Алкохолизмот на различни начини е поврзан со останатите видови девијантно однесување: проституција, наркоманија, самоубиство и обид за самоубиство и коцкање. Многумина автори укажуваат дека употребата на алкохол ги зголемува агресивните тенденции, а при тоа влијае и како криминоген фактор.

Злоупотребата на дрога може да биде во корелација со различни облици на девијантно однесување. Најчести облици на инкриминирачко однесување што претставуваат кривични дела се: кражби, обивања, нелегално производство и продажба на дрога и занимавање со проституција. Одредени истражувања покажуваат дека самите ефекти што ги предизвикуваат наркотичните средства не се директен извор за друг вид девијантно однесување, односно пресуден фактор се општествените околности, како што се набавка и создавање залихи на дрога и припадност на супкултурата на наркоманите, кои вршат притисок за прифаќање на девијантното однесување (Стојаноски и Сулејманов, 2002).

# 4. Мерки за превенција на девијантното однесување

Постојаното поместување на долната граница на возраста на лицата со девијантно однесување е повод за посебен интерес за заштита на децата со воведување социјални мерки за превенција и заштита. Во овој дел се вклучени следниве органи и институции: центрите за социјална работа, полицијата, службите за здравствена заштита, образованието, судските органи, како и невладиниот сектор.

Социјалната заштита претставува организирана дејност од страна на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени граѓанинот, семејството и групи население во текот на животот.

Во Законот за социјална заштита (2009), во член 115 се наведени установите што вршат институционална заштита, меѓу кои се вбројуваат и:

- установи за сместување деца и младинци со воспитно-социјални проблеми;
- установи за сместување деца и младинци со нарушено поведение.

Во член 132 од истиот Закон, во установи што нудат вонинституционална форма на социјална заштита се вбројуваат:

- центар за социјална работа;
- дневен центар за лица што употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции и прекурсори;
- дневен центар за лица што злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол.

Центрите за социјална работа, во согласност со законската регулатива вршат дејности насочени кон решавање на правата од социјална заштита, решавање работи што се утврдени со семејно-правните и кривично-правните прописи. Покрај ова, за успешно реализирање на социјалната заштита ЦСР ги откриваат, следат и ги проучуваат социјалните појави и проблеми, спроведуваат соодветни облици на социјална заштита, ја унапредуваат превентивната работа, развиваат вонинституционални облици на социјална заштита и во одредени активности настапуваат координирано со граѓански здруженија и хуманитарни организации.

За остварување на социјалната превенција се преземаат одредени мерки во насока на спречување социјален ризик за граѓанинот, семејството или за група луѓе

преку организирање едукативно-советодавна работа, развивање форми за самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и преку примена на други методи во зависност од потребите на корисниците на социјална заштита.

Со измените и дополнувањата на Законот за семејството (2004), поконкретно е утврдено дека за злоупотреба или грубо занемарување на родителските должности ќе се смета ако родителот извршува физичко или емоционално насилство над детето, сексуално го злоупотребува детето, го присилува детето на работа што не одговара на неговата возраст, му дозволува употреба на алкохол, дрога или други психотропни супстанции, го наведува детето на општествено неприфатливи поведенија, го напуштил детето и подолго од три месеца не се грижи за детето и ако на кој било друг начин грубо ги крши правата на детето.

Во Законот за здравствена заштита (1997), здравствената заштита ја сочинуваат мерките, активностите и постапките за зачувување и унапредување на животната средина, правата и обврските што се остваруваат во здравственото осигурување, како и мерките, активностите и постапките што ги преземаат оранизациите од областа на здравството за зачувување и унапредување на здравјето на луѓето, спречување и потиснување на заболувањата и состојбите на здравството, навремено и ефикасно лекување и рехабилитација со примена на стручни медицински мерки, активности и постапки.

Во согласност со овој Закон се реализира Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства и болести на зависност во Република Македонија.

Здравственото образование се остварува во сите сфери на општествениот живот на основа на годишни програми за работа од организации и институции од областа на здравството и образованието, од Црвениот крст на Македонија, од организации на жени, здруженија на граѓани и од невладини организации. За таа цел се организираат едукативни семинари, трибини и предавања за промоција на здравјето, превенцијата и за штетните последици од болестите на зависност, а истите се реализираат во просториите на здравствените центри и основните и средни училишта.

Владата на Република Македонија во 2006 година има усвоено Национален план за акција (НПА) за правата на децата во Република Македонија, кој е во согласност со Конвенцијата за правата на детето. Овој план има за цел дефинирање политика во однос на правата на децата со која треба да се воспостават стандарди со

кои ќе се овозможи соодветно ниво на остварување на правата на детето, елиминирање на сите видови дискриминација и воспоставување највисоки стандарди за образование, здравствена и социјална заштита. Исполнувањето на овие цели е предвидено во временски интервал од 2005 до 2015 година.

Во рамки на реформите на правосудниот систем и доближување до европската легислатива, донесени се Законот за судови и Законот за прекршоци. На таа основа се востановуваат специјализирани судски оддели од обласга на малолетничкиот криминал со проширена надлежност да одлучуваат по кривични дела и прекршоци извршени од малолетници. Со Законот за прекршоци се врши идентификација на прекршочните санкции за малолетни лица како посебен вид санкции.

Агенцијата за млади и спорт, заедно со Коалицијата на младински организации „СЕГА“, го има усвоено Акциониот план за имплементација на националната стратегија за млади на Република Македонија (2009), кој опфаќа осум приоритетни области: образование, младинско самовработување, квалитет на живеење, здравство и здравствена превенција, култура, партиципација на младите, младинско информирање и локална младинска работа.

Со цел превенција на злоупотребата на алкохол од страна на малолетните лица, во членот 204 став 1 од Кривичниот закон на Република Македонија (1996), кој се однесува на точење алкохолни пијалаци на малолетни лица, се наведува следново:

„Оној што во угостителски или друг дуќан или на место каде што се точат и продаваат алкохолни пијалаци ќе послужи малолетник, ќе се казни со парична казна или со затвор од три месеци до три години.“

Средствата за јавно информирање му овозможуваат пристап на малолетникот до различни информации. Советот за радиодифузија како независно регулаторно тело од сферата на радиодифузијата ја следи работата на електронските медиуми од аспект на исполнување на обврските од Законот за радиодифузна дејност.

Според член 70 од Законот за радиодифузна дејност (2005), програмите на радиодифузерите не смеат да содржат порнографија, прекумерно насилство или други програми што можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и на младите.

Во член 71 од истиот Закон, програмските содржини што можат да го загрозат физичкиот, психичкиот и моралниот развој на децата и младите, а не се предвидени со член 70, можат да се емитуваат само во период од 00 до 05 часот.

Ваквиот вид програмски содржини треба да бидат означени со акустично и визуелно предупредување пред почетокот на емитувањето дека не се препорачливи за одредени сегменти од публиката.

Позитивен пример на превенција на девијантното однесување е реализирањето на владината медиумска кампања „Животот е мојот филм", преку која се едуцираат младите луѓе да одберат здрав начин на живот и правилно користење на слободното време преку разни спортски активности.

# 5. Дефинирање на поимот *адолесценција*

Личноста на човекот се развива во текот на целиот негов живот. Во тој развој се разликуваат следниве етапи: детство, младост, зрелост и старост.

Адолесценцијата е животен период во кој лицето расте и созрева. Како посебен период во развојот на личноста започнува да се издвојува дури во XX век, кога во 1904 година С. Хол формулира и објавува теорија за адолесценцијата.

Адолесценцијата наједноставно се дефинира како период на промени, кој претставува транзиција од релативната сигурност на детството во привилегиите и одговорностите на возрасниот човек со карактеристични физички, психолошки и социјални промени.

Според авторите Dacey и Kenny (Manzoni, 2006), во текот на адолесценцијата кај младиот човек доаѓа до промена на перцепцијата за самиот себеси (self concept) на следниов начин:

- станува поапстрактен (во согласност со развојот на мислењето);
- станува подиференциран (се гледа самиот себеси во различни улоги);
- се развива идеален „јас“ (таков каков што би сакал да биде, развој на хипотетичко размислување);
- станува поинтроспективен (поставување на прашањето: *Кој сум јас?*)

Периодот на адолесценција започнува со пубертетот и трае неколку години, сè додека индивидуата не отпочне да живее живот на возрасна созреана личност. Пубертетот го отсликува физичкиот и сексуалниот развој, додека адолесценцијата, покрај пубертетот, го опфаќа и емотивниот, социјалниот, менталниот и психолошкиот развој.

Периодот на адолесценција започнува околу десеттата година и трае до 25-26 годишна возраст и е поделен на следниве етапи:

- рана адолесценција (10 – 14 години);
- средна адолесценција (15 – 19 години);
- доцна адолесценција (20 – 25 години).

Во периодот на адолесценцијата доаѓа до дефинитивно созревање и формирање дефинитивни црти на личноста. Тогаш младиот човек го наоѓа својот идентитет, ги проценува групните и социјалните вредности и ги формира своите

идеали, како и чувството на одговорност и самосвесност. Најголемиот дел од тие трансформации поминуваат без компликации, но никогаш незабележано. Во оваа фаза се јавуваат низа прогресивни и регресивни тенденции, периоди на напнатост и релативна дезорганизација, што во завршниот период доведува до матурација и изградба на зрела личност.

Доколку во психосоцијалното функционирање на адолесцентот не се случуваат никакви промени, станува збор за проблематична адолесценција, бидејќи се блокирани или нарушени нормалните развојни процеси што доведуваат до созревање на личноста (Curčić,1997).

Во својата докторска дисертација Киткањ (2009) го цитира Милутиновиќ, според кој созревањето на личноста претставува индивидуален процес, а самиот процес зависи од низа фактори, како што се: културата, традицијата, општествените, економските, социјалните, географски, климатски, биолошки и други фактори под чие влијание растела и се развивала индивидуата во одреден временски период.

Адолесцентите се наоѓаат на возраст во животот што вклучува учење нови начини на размислување и однесување, а на овој степен од развојот тие континуирано се среќаваат со нови предизвици коишто би можеле да содржат одредени ризици по нив (Geldard, 2009).

Во текот на адолесценцијата, тинејџерската перцепција за сопствениот социјален успех може да биде круцијален предуслов за долгорочно социјално функционирање, така што и тинејџерите што не се популарни можат да демонстрираат позитивно прилагодување доколку поддржуваат позитивно внатрешно чувство за нивната социјална прифатеност (Scince Daily, 2008).

Предизвиците што ги носи адолесценцијата се поголеми кај учениците со интелектуална попреченост, пред сѐ поради нивната неможност за преземање иницијатива и за планирање социјални активности. Многу адолесценти со лесна интелектуална попреченост имаат желба да го научат тоа, затоа што сакат што е можно повеќе да бидат исти како и нивните врсници од редовната популација. Развојот на адаптивните способности кај адолесцентите со интелектуална попреченост генерално опфаќа три сегмента: социјализација, самоспознавање/ персонален менаџмент и рекреација/слободно време.

Социјализацијата вклучува развој на позитивни интерперсонални односи со семејството, врсниците и пошироката заедница. Учењето на соодветните вештини за

социјална интеракција би требало да започне уште од најрана возраст во рамки на семејството, па понатаму истите да се надоградуваат за време на училишниот период.

Самоспознавањето и развојот на способностите за персонален менаџмент ја вклучува способноста за решавање проблеми и донесување одлуки што ќе им помогне на овие лица при изборот и постигнувањето на сопствените цели, а истовремено и да ги разберат бариерите со кои може да се соочат. Од особено значење во периодот на адолесценција е сексуалното однесување и прашањето кој е одговорен за сексуалната едукација на овие лица. Во денешни услови сексуалната едукација сè уште е една од најконтроверзните теми, па најчесто врсниците се единствениот константен извор на информации поврзани со сексот. Некои адолесценти, вклучително и оние со интелектуална попреченост, остваруваат сексуални активности со и без одобрение од општеството. Доколку не добиваат адекватна сексуална едукација, несаканата бременост и сексуално преносливите болести се неизбежни, а честопати овие лица завршуваат и како жртви на сексуална злоупотреба.

Најголемиот дел од своето слободно време адолесцентите со интелектуална попреченост го поминуваат во гледање телевизија. Рекреацијата и слободното време придонесуваат за нивен правилен емоционален и психолошки развој и се во насока на партиципација во активности од спортски, културен и забавен карактер, со крајна цел успешна интеграција во социјалната средина (Drew и Hardman, 2004).

Поимот адолесценција според календарската возраст се совпаѓа со поимот малолетник. За малолетно лице се смета секое лице што нема наполнето 18 години (Конвенција за правата на детето, ООН, 20.11.1989).

Според Уставот на Република Македонија и законската регулатива, како полнолетно лице се третира лице со наполнети 18 години.

Во Законот за заштита на децата (2000), во член 8, како дете се третира секое лице до наполнети 18 години живот, како и лице со пречки во физичкиот и психичкиот развој, односно, според измените на овој Закон од 2005 година, лице со пречки во телесниот и интелектуалниот развој до наполнети 26 години живот.

## 5.1. Карактеристики на адолесцентите со девијантно однесувањето

Кај адолесцентите со девијантно однесување не постојат значајни разлики во однос на физичките особини во споредба со другите малолетници. Степенот на интелигенција, сам по себе, исто така не се смета за значаен фактор за појавата на девијантно однесување.

Разлики се јавуваат во однос на особините на личноста кај овие лица. Адолесцентите со девијантно однесување се емоционално незрели и имаат потешкотии да одговорат на социјалните барања на општествено прифатлив начин. Изразуваат негативен став, недоверба и непријателско расположение кон училиштето, родителите, наставниците, односно не го почитуваат нивниот авторитет, па истите не можат да претставуваат позитивен модел на идентификација.

Кај овие лица е присутна негативна и песимистичка ориентација, нарушен е системот на вредности и честопати само девијантното однесување го оценуваат како вредно. Се јавува и ограниченост на интересите, што претставува едно од нивните специфични обележја. Поради неспособност за вршење правилен избор, отсуство на трајни ориентации и непочитување на трудот и работата, тие многу често не бираат начин да дојдат до задоволување на своите потреби (Узелац, 1995).

Адолесцентите со девијантно однесување и малолетните престапници се разликуваат од своите врсници по следниве особини: асоцијалност, непочитување на авторитети, непослушност, непријателско расположение кон другите, садизам, импулсивност, помалку се кооперативни, немаат доволно чувство за вина, каење и страв, неправилен однос кон имотот, ниско културно - образовно ниво и слично (Ѓорѓевиќ, 1988).

Приоритетна задача на адолесценцијата е формирање стабилен личен идентитет, при што личноста се доживува себеси како индивидуа со изграден систем на вредности, потреби, мотиви и начин на однесување. Одредени неповолни психосоцијални услови во овој изразено ранлив (вулнерабилен) период може да резултираат со појава на девијантни начини на однесување, како што се алкохолизам, наркоманија, невротични манифестации, депресија и суицидални идеи.

Девијантното однесување кај адолесцентите лесно доведува до појава на малолетничка деликвенција, затоа за овие лица се смета дека се малолетници изложени на ризик.

Децата и младите што манифестираат неприфатливи форми на однесување според Законот за малолетничка правда (2007), се класифицираат на следниов начин:

- За **дете во ризик,** според член 12, се смета малолетникот што за време на извршување на дејството што е со закон определено како кривично дело или прекршок, наполнил 7, а не наполнил 14 години. За дете изложено на ризик се смета и малолетник до 14-годишна возраст-зависник од употреба на droги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете-жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете што се наоѓа во ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, или, пак, детето не е вклучено во системот на образование и воспитување, или се оддало на питање, скитање или проституција, поради што е или може да дојде во судир со законот.
- **Помлад малолетник во ризик** е лице што за време на извршување на дејствието што е со закон определено како кривично дело (за кое е предвидено парична казна или затвор до три години) или прекршок, има наполнето 14, а нема наполнето 16 години, или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете што се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое, поради ваквите состојби, е или може да дојде во судир со законот.
- **Постар малолетник во ризик** е лице што за време на извршување на дејствието што е со закон определено како кривично дело (за кое е предвидено парична казна или затвор до три години) или прекршок, има наполнето 16, а не наполнил 18 години, или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете што се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција

на семејството, кое, поради ваквите состојби, е или може да дојде во судир со законот.

За детето во ризик можат да се применат одредени мерки за помош и заштита: домување, материјална помош, здравствена заштита, образование, организирање и користење на слободното време, обезбедување правна помош, едукација на семејството. Овие мерки за помош и заштита можат да се применат и на помлад и на постар малолетник во ризик.

# 6. Дефиниција и класификација на интелектуалната попреченост

Имајќи ја предвид сложеноста на самиот феномен на интелектуална попреченост, тешко е да се даде општа дефиниција што би ги респектирала сите важни аспекти, односно интелектуалната попреченост е дефинирана според различни дијагностички критериуми.

Во најновата дефиниција на American Association on Mental Retardation (2002), како круцијален фактор за одредување на менталната ретардација се смета степенот на социјална адаптација, и истата гласи:

„Менталната ретардација е попреченост што ја карактеризираат значителни ограничувања во интелектуалното функционирање и во адаптивното однесување, изразени во концептуалните, социјалните и практичните вештини на адаптирање. Оваа попреченост се јавува пред 18 години."

Кон оваа дефиниција се додадени пет претпоставки, кои се есенцијални при употребата на самата дефиниција, и тоа:

1. Лимитирањата во тековното функционирање треба да бидат сфатени во контекст на опкружувањата во заедницата што се типични за врсниците и културата на самата индивидуа.
2. Валидната проценка го има предвид културниот и лингвистички диверзитет, како и разликите во комуникациските, сензорните, моторните и бихејвиоралните фактори.
3. Кај секоја индивидуа лимитирањата коегзистираат паралелно со нејзините потенцијали, што значи дека треба да се утврдат способностите и предностите за успешна адаптација во социјалната средина.
4. Важна цел е креирање профил на потребни поддршки, односно не е доволно само анализирање на нечии ограничувања, туку тимот мора да изготви план на соодветни поддршки што се потребни за успешно функционирање на индивидуата.
5. Преку соодветна персонална поддршка ќе се подобри севкупното функционирање на лицето со интелектуална попреченост. Евентуалниот недостаток на очекуваното напредување ќе иницира потреба од реевалуација на тековниот профил на поддршка.

Во Прирачникот од 2002, AAMR ги опишува и ги сугерира следниве пет димензии што треба да се имаат предвид при дијагноза, класификација и одредување на потребната поддршка на лицето со интелектуална попреченост:

- интелектуални способности;
- адаптивно однесување (концептуални, социјални и практични вештини);
- учество, интеракција и социјални улоги;
- здравје (физичко здравје, ментално здравје и етиолошки фактори);
- контекст (средина и култура).

Според дефиницијата на Wehmeyer и Obremski (2011), „интелектуалната попреченост се карактеризира со лимитираност во интелектуалното функционирање и резултира со потреба од дополнителна подршка на овие лица во нивното учество во активности карактеристични за нормалното човечко функционирање“.

World Health Organization (ICD - 10, 1992) дава дефиниција што е една од посеопфатните во последно време:

„Менталната ретардација е состојба на сопрен и нецелосен психички развој што особено се карактеризира со нарушување на оние способности што се јавуваат во текот на развојниот период и кои влијаат на општото ниво на интелигенцијата, како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности.“

Истата дефиниција е прифатена и кај нас и е внесена во Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој („Службен весник на РМ“, бр. 30/2000).

Во поглед на терминологијата, сè почесто во поново време се користи терминот *интелектуална попреченост*, кој суштински се однесува на истата категорија лица, но разликата, според American Assosiacion of Intellectual Disability (2010) се состои во следново:

- помалку е навредлив за лицата со попреченост;
- во поголема согласност е со меѓународно користената терминологија;
- го потенцира чувството дека интелектуалната попреченост повеќе не се смета за апсолутна, константна особина на овие лица;
- се усогласува со моменталната професионална практика што е фокусирана на обезбедување поддршка на овие лица во нивната средина;

- овозможува разбирање на личноста со попреченост, вклучувајќи ги принципите на самопочит, самовреднување, гордост и слично.

Класификацијата на интелектуалната попреченост е присутна многу одамна. Таа е вршена од различни аспекти, се менувала со развојот на науката и претставува проблем кој бара посебно внимание.

Според класификацијата што ја предлага World Health Organization, менталната ретардација се дели на следниве поткатегории:

- Лесна ментална ретардација 50-69 IQ;
- Умерена ментална ретардација 35-49 IQ;
- Тешка ментална ретардација 21-34 IQ;
- Најтешка (длабока) ментална ретардација под 20 IQ.

Во оваа класификација се вбројува и:

- Друга ментална ретардација. Оваа категорија се употребува тогаш кога е тешко да се процени степенот на интелектуалната попреченост со вообичаени процедури поради здружени сензорни или телесни оштетувања;
- Неспецифична ментална ретардација. Во случај на присуство на ментална ретардација со недоволни информации што се неопходни за лицето да се распореди во горенаведените категории (World Health Organization, ICD - 10, 1992).

Според Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, ментално ретардираните лица се распоредуваат во 4 групи, и тоа:

- Лицата со лесна ментална ретардација се карактеризираат со благо намалување на нивото на интелектуалните, говорните, јазичните, моторните и социјалните способности. Зборуваат со извесно задоцнување, но, сепак, најголемиот број од нив можат да го користат говорот од секојдневниот живот. На правилно стандардизираните тестови за интелигенција за лицата со лесни пречки во психофизичкиот развиток, карактеристичен е ориентационен коефициент на интелигенција во рамките од 50 до 69.
- Лицата со умерена ментална ретардација покажуваат забавен развој и ограничени достигнувања во доменот на развојот и употребата на говорот

и јазикот, на моторните способности и грижата за себе. На правилно стандардизираните тестови за интелигенција за лицата со умерени пречки во психичкиот развиток, карактеристичен е ориентационен коефициент на интелигенција во рамките од 35 до 49.

- Лицата со тешка ментална ретардација се слични на лицата со умерена ментална ретардација по клиничката слика, присуство на органска етиологија и придружни оштетувања. Постои значително ограничување на достигнувањата во областа на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе. Поголем број од лицата имаат изразени моторни и/или други придружни пречки што укажуваат на присуство на значајно оштетување или нарушување во развојот на централниот нервен систем. На правилно стандардизираните тестови за интелигенција, коефициентот ориентационо се движи во рамките од 21 до 34.
- Лицата со длабока ментална ретардација се карактеризираат со изразено ограничената способност за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата, имаат зачувана способност за многу рудиментирани форми на невербална комуникација. Голем дел од нив се полуподвижни или неподвижни, неспособни за волева контрола на сфинктерите. Поседуваат мали или скоро никакви способности да се грижат за себе, поради што им е потребна постојана контрола и надзор. На правилно стандардизираните тестови за интелигенција, кај лицата со длабоки пречки во психичкиот развој коефициентот на интелигенција е под 20. (Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој, Службен весник на РМ, бр. 30/2000).

# 7. Карактеристики на лицата со интелектуална попреченост

Интелектуалната попреченост се јавува како резултат на забавен развој на психофизичките функции на личноста.

Кај лицата со интелектуална попреченост се јавува дефицит во сферата на сознајните функции. Мислењето е површно и на конкретно ниво, па оттука и неможноста да се продре подалеку од она што се наоѓа надвор од видното поле. Можностите за апстрактно мислење се лимитирани и се јавуваат потешкотии во генерализацијата, односно она што е научено тешко се применува во нови ситуации. Детето има потешкотии во однос на помнењето и запаметува мошне бавно, по многу повторувања, а она што ќе го запамети тешко и нецелосно го репродуцира.

Говорот исто така може да биде послабо развиен и оскуден. Започнуваат да зборуваат подоцна во однос на децата од редовната популација, речникот е сиромашен и потешко го разбираат говорот на другите луѓе.

Поради недоволниот развој на гностичката организираност имаат тешкотии во временската и просторната ориентација. Перцепирањето кај овие деца е ограничено, тешко ја разликуваат фигурата од задднината. Емотивниот живот на овие деца го карактеризира неиздиференцираност на чувствата, неможност да ги потиснат желбите и импулсивноста. Детето не може долго време да го задржи вниманието, концентрацијата е слаба и децата брзо се заморуваат.

Тешкотии се јавуваат и при совладувањето на различни социјални вештини, честопати се јавува агресивност, апатија или повлекување во себе како резултат на лошата социјална адаптација и неможноста да се вклучат во социјалниот живот и да одговорат на барањата на средината. Голем процент од децата со интелектуална попреченост имаат дисхармонично однесување. Често стануваат предмет на негативното влијание на средината (криминал, тепачки, наркоманија, проституција и сл.) што може да доведе до тешки последици по нивниот живот и иднина (Ајдински, 2007).

Лицата со интелектуална попреченост честопати се изложени на рестрикции во социјалната партиципација и намалена можност за едукација и пристап до останати социјални сервиси. Овие лица се исто така вулнерабилна категорија во

поглед на злоупотреба, експлоатација и дискриминација во однос на лицата без попреченост во развојот (UNICEF, 2008).

Кај оваа категорија се јавуваат потешкотии при регулирање на побудите или импулсивна контрола. Кај нив се јавуваат потешкотии во инхибирањето на бихејвиоралните импулси поради неможноста да ја сфатат причинско-последичната поврзаност меѓу одреден вид однесување и негативниот ефект од истото.

Нискиот праг на толеранција на фрустрациите исто така може да претставува значајна карактеристика кај лицата со интелектуална попреченост. Оваа способност е значајна бидејќи овозможува индивидуата успешно да ги спречи непријатните последици поврзани со негативното однесување, а воедно овозможува поединецот да стекне самодоверба и полесно да се соочи со предизвици или стресни околности. Во спротивност, како последица може да се појави агресивност, како и асоцијални форми на однесување.

Слабиот интелектуален потенцијал ја ограничува можноста за развој на вештини потребни при решавањето на проблеми и јакнење на самодовербата. При решавањето на проблеми е потребно високо ниво на концентрација и истрајност, способности што се лимитирани кај овие лица, па како последица доведуваат до придружни психијатриски нарушувања (Reynolds, Zupanick и Dombeck, 2011).

Сите наведени карактеристики имаат влијание на развојот на личноста на лицата со интелектуална попреченост, односно тие послабо се развиваат во однос на лицата од редовната популација. Некои од недостатоците на нивната личност, како што се неможноста за контролирање на однесувањето, слаба иницијатива, несамостојност, лекомисленост, импулсивност, лесно можат да доведат до антисоцијални облици на однесување.

# 8. Едукација на ментално ретардираните лица

Современиот систем на едукација на лицата со интелектуална попреченост го сочинуваат следниве компоненти:

1. Предучилишно воспитание;
2. Основно образование за лица со лесна интелектуална попреченост и елементарно основно образование за лица со умерена интелектуална попреченост;
3. Средно образование и работно оспособување на лица со лесна интелектуална попреченост;
4. Обука и оспособување за работа на лица со умерена и тешка интелектуална попреченост;
5. Андрагошка практика.

## 8.1. Средно образование и ученички домови за лицата со лесна интелектуална попреченост

Средното образование треба да му овозможи на младиот човек подигање на општата култура и стекнување практични знаења и умеења за определен вид работа, и, секако, треба да го запознае со правата, обврските и положбата на работниот човек за да се реализира како општествено битие. Средното образование го опфаќа и посебното образование, бидејќи и тоа треба да му обезбеди на лицето со интелектуална попреченост поголемо работно и општествено-економско образование, оспособување за натамошно образование со оглед на неговите психофизички можности, да го оспособи за општествен живот и работа и за слободен развој на личноста.

Според членот 99 од Законот за средно образование (1995), воспитно-образовната дејност во ученичките домови е составен дел од системот на средното образование.

Ученичкиот дом, покрај социјална и здравствена заштита, на овие ученици треба да им овозможи услови за воспитание и образование, да се развива љубов и правилен однос кон работата и природните и други вредности од околината на

човекот, за организиран живот во заедницата, како и да ги оспособи овие деца и младинци да станат корисни членови на општествената заедница.

Во член 9 од Законот за ученички стандард (2005), е истакнато дека ученичкиот дом е установа што им обезбедува на учениците сместување, исхрана, воспитно-образовна работа, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

Во истиот Закон, во член 30 се наведува:

„При користење на услугите во ученичките домови, ученикот е должен да ги извршува должностите утврдени со актите на ученичкиот дом. Поради повреда на должностите и неисполнување на обврските, за ученикот можат да се применат педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување и отстранување од ученичкиот дом - забрана за користење на услугите во ученичкиот дом."

Ученичките домови се дефинирани како воспитно-образовни установи што ја реализираат својата работа според утврден план и програма. Изготвувањето план и програма за воспитно-образовна работа е во надлежност на Бирото за развој на образованието, кое, во рамки на своите законски надлежности, освен што ја следи работата на училиштата, ја следи и ја унапредува работата на ученичките домови.

Програмата за работа на ученичките домови (Биро за развој на образованието, 2011) ги опфаќа следниве подрачја:

- Физичко и здравствено воспитание;
- Интелектуален развој на личноста;
- Естетско воспитание;
- Работно воспитание и општествено-корисен труд;
- Граѓанско воспитание;
- Слободно време и слободни активности на учениците.

Покрај овие подрачја на работа, во домовите се реализира и следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовниот процес, општествено-културна дејност и соработка со родителите и училиштата што ги посетуваат учениците.

Воспитно-образовната дејност во ученичките домови ја реализираат воспитувачи и стручни соработници.

Средното образование за учениците со лесна интелектуална попреченост се реализира во Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра",

Штип, и во Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Св. Наум Охридски“, Скопје.

1. ДСУ за образование и рехабилитација „Искра“, Штип

Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“, Штип, е основано во 1981 година и е единствена институција од ваков вид во источниот регион на Република Македонија. Наменето е за згрижување, воспитување, образование и рехабилитација на ученици со посебни образовни потреби. Оваа установа реализира воспитно-образовна програма на ниво на втор степен на стручна подготовка за ученици со стекнато право на рехабилитација и завршено основно образование. Учениците го стекнуваат своето образование во графичка, земјоделска, машинска и текстилна струка.

Воспитно-образовната работа и слободните ученички активности се реализираат во самото училиште со вкупна површина од 3687 метри квадратни. За реализирање на образовниот дел училиштето располага со површина од 1687 метри квадратни, а за воспитна работа и слободни ученички активности со површина од 2000 метри квадратни. Ученичкиот дом располага со 16 спални соби со вкупен капацитет од 120 кревети, занимална, библиотека, кујна со трпезарија и административни простории.

2. ДСУ за образование и рехабилитација „Св. Наум Охридски“, Скопје

Во ова училиште учениците се воспитуваат, образуваат и стручно и работно се оспособуваат за самостојно извршување на работни операции од соодветните занимања во машинска, текстилна, графичка, електро, градежна и угостителска струка. Изборот на занимањето се врши во согласност со промените на пазарот на трудот со цел ефикасно вработување по завршување на образованието. Покрај редовната настава, во зависност од своите афинитети и можности, учениците можат да учествуваат и во воннаставни активности преку членство во литературно-рецитаторска, драмска, спортска, еколошка, информатичка, музичка и ликовна секција.

Во состав на училиштето функционира ученички дом, со намена за прифаќање, згрижување и воспитување на учениците од поширокиот регион на Република Македонија. Ученичкиот дом располага со соби за спиење, кујна и трпезарија, занимална со ТВ, кабинет по информатика, медиотека, игралиште за кошарка и уредена дворна површина.

# 9. Релевантни истражувања

Досега се направени бројни истражувања за адолесцентите и за појавата на разни видови девијантно однесување во оваа возраст. Според WHO, самоубиствата варираат зависно од земјата, возраста и полот. Во подоцнежната адолесценција 2-5 пати повеќе мажи од жени вршат самоубиство, додека обидите за самоубиство се позачестени кај женските во споредба со машките лица (Geldard, 2009).

Според интернет-страницата medicinenet.com (2011), во САД проблемите со алкохол се поголеми кај луѓето на возраст од 18 до 29-годишна возраст. Луѓето што започнале со употреба на алкохол на возраст од 14 години и помлади, се со поголем ризик да станат алкохоличари.

Циниќ (1988), истакнува дека во последно време сè повеќе се забележува тренд на зголемување на проституцијата меѓу малолетните девојчиња. Имено, во истражување спроведено во Шведска е констатиран зголемен број проститутки на возраст до 15 години и помлади. Во Тајланд речиси сите се на возраст од 15 до 20 години, а неретко се сретнуваат и 13-годишни девојчиња што се занимаваат со проституција.

Ирските искуства во спроведено истражување од 2008 година кај 991 ученик на возраст од 15 до 18 години говорат дека 57% од младите пробале канабис барем еднаш, додека дури 89,8% од ученици опфатени во истражувањето имаат пробано алкохол (Haase и Pratschke, 2010).

Во истражувањето вршено од Попоски (1987), за девијантно однесување кај малолетници со интелектуална попреченост во Македонија, утврдено е дека кај најголем број деца (73,5%) девијантното однесување е откриено на возраст од 7 до 14 години. 40,2% од вкупниот број испитаници потекнувале од семејства во кои веќе постои девијантно однесување кај другите членови, а неповолните семејни услови се среќаваат кај 56,3% од испитаниците.

Mc Laughlin и сор. (2007), извршиле истражување за искуствата на професионалците што работат со лица со интелектуална попреченост што се зависници од одредени супстанции и доаѓаат до заклучок дека и овие лица можат и користат одредени супстанции, како што се алкохол и недозволени droги, но сепак во понизок степен во споредба со лицата од редовната популација. Причините за злоупотреба на супстанциите се компактибилни како и кај нивните врсници и

најчесто се должат на сиромашно физичко и ментално здравје, експлоатација, престапничко однесување и поголема возможност за хоспитализација. Но, за разлика од редовната популација, овие лица се помалку запознаени со постоечките служби во заедница коишто можат да им ја дадат соодветната помош и поддршка.

Американската асоцијација за психологија укажува на резултати од извршено истражување според кои кај адолесцентите со неприфатливи облици на однесување, 44% од машките испитаници и 27% од женските испитаници одговориле дека во текот на предходната година учествувале во физички пресметки, и дека машките почесто признаваат во споредба со нивните врснички од женски пол дека повремено конзумираат алкохол.

Резултатите што се добиени од ваквите истражувања ќе овозможат да се изврши компарација и потврда на резултатите што ќе се добијат со нашето истражување, кои, пак, би послужиле во изготвувањето стратегија за потиснување на разните облици на девијантно однесување.

# II. ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

## 1. Методологија на истражувањето

### 1.1. Предмет на истражувањето

Предмет на истражување се девијантните форми на однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост кои своето право на образование и рехабилитација го остваруваат во државните средни училишта „Искра“ - Штип и „Св. Наум Охридски“ - Скопје.

### 1.2. Цел и карактер на истражувањето

Основна цел на истражувањето е да се утврди ризикот од појава на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост кои живеат во семејство во споредба со адолесцентите со лесна интелектуална попреченост сместени во ученички домови, како и компарација на појавата на девијантни форми на однесување во двете училишта.

Според карактерот истражувањето е:

- Дескриптивно, односно опишување на моменталната состојба на постоење на девијантно однесување кај овие лица;
- Компаративно, односно споредба на добиените резултати за адолесцентите кои живеат со семејство и во ученички дом, како и компарација на резултатите од истражувањето меѓу двете училишта.

### 1.3. Задачи на истражувањето

Поставените цели ќе се реализираат преку следните задачи:

- Да се утврди присуството на девијантното однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост;

- Да се утврди кои се најчести форми на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост;
- Да се утврди влијанието на семејството на адолесцентите со лесна интелектуална попреченост на појава на девијантно однесување;
- Да се утврди влијанието на училиштата на појава на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост;
- Да се испита влијанието на интернатското сместување на појавата на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост;
- Да се утврди возраста на испитаниците кои манифестираат девијантни форми на однесување;
- Да се утврди дистрибуцијата на девијантно однесување според полот на испитаниците;
- Да се утврди корелацијата помеѓу етничката припадност и девијантното однесување.

## 1.4. Хипотези

Врз основа на претходните сознанија и претпоставките за можните резултати што ќе ги добиеме со истражувањето беа поставени следните хипотези:

- Училиштата не водат (немаат) адекватна евиденција и регистрирање на различните форми на девијантно однесување;
- Адолесцентите со лесна интелектуална попреченост не се доволно информирани за негативните последици од девијантното однесување;
- Културно - образовното ниво на родителите влијае на појава на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост;
- Поголемиот број од учениците кои манифестираат девијантно однесување потекнуваат од дисфункционални семејства;
- Слабиот училишен успех е во корелација со девијантното однесување;
- Учениците кои потекнуваат од урбана средина манифестираат повеќе девијантно однесување;
- Интернатски згрижените ученици со лесна интелектуална попреченост манифестираат поголем обем на девијантно однесување во споредба со нивните врсници кои живеат во семејството;

- Постарите малолетни лица со интелектуална попреченост манифестираат поголем степен на девијантно однесување;
- Машките адолесценти со лесна интелектуална попреченост манифестираат поголем степен на девијантно однесување;
- Адолесцентите од ромска етничка припадност манифестираат поголем степен на девијантно однесување.

## 1.5. Варијабли во истражувањето

### 1.5.1. Независни варијабли:

- Пол;
- Возраст;
- Етничка припадност;
- Културно - образовно ниво на родителите;
- Училишен успех;
- Интернатско сместување;
- Временски престој во ученичкиот дом;
- Место на живеење.

### 1.5.2. Зависни варијабли:

- Девијантното однесување изразено преку училишното поведение.

## 1.6. Методи, техники и инструменти на истражувањето

➢ **Методи на истражување:**

- Дескриптивен метод;
- Метод на компаративна анализа.

➢ **Техники на истражувањето:**

- Анализа на постоечката документација во училиштето:
    - досие за учениците што го водат членовите на стручниот тим (дефектолог, психолог, педагог, социјален работник), од кои беа добиени информации за интелектуалниот и социо-економскиот статус на испитаниците;

  - дневници за воспитно образовна работа, од кои беа добиени информации за воспитно - образовниот напредок на учениците.
- Анкетирање.

  Преку техниката на анкетирање обезбедивме податоци за ставовите и мислењата на воспитно - образовниот кадар и членовите на стручниот тим.

➢ **Инструменти во истражувањето:**

- Анкетен лист за воспитно-образовниот кадар;
- Анкетен лист за членовите на стручниот тим.

Анкетирањето е анонимно, со цел да се добие поголема веродостојност и искреност на одговорите, односно поголема сигурност на добиените податоци.

Анкетниот прашалник се состои од прашања кои се од затворен тип, на кои испитаниците одговараа со заокружување на еден или повеќе од понудените одговори.

Заради поголема прегледност на добиените одговори, истите ќе бидат табеларно и графички прикажани.

## 1.7. Примерок на истражување

Примерокот во текот на истражувањето го сочинуваа:

- Адолесценти со лесна интелектуална попреченост на возраст од 14 - 21 години кои ги посетуваат државните средни училишта „Искра", Штип и „Св.Наум Охридски", Скопје. Примерокот го сочинуваа 211 испитаници сместени во ученички дом, семејство и дом за деца без родителска грижа;
- Втората група испитаници се состои од воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта, од кои 28 наставници и 11 воспитувачи;
- Членовите на стручниот тим (педагог, психолог, социјален работник, дефектолог). Примерокот се состои од 5 испитаника.

Во текот на истражувањето беа опфатени испитаници од обата пола.

За да се добие подобар увид на структурата на примерокот на испитаници, истиот е прикажан графички.




**Слика 1. Структура на примерокот на испитаниците во двете државни средни училишта**

На слика 1. е прикажана структурата на примерокот во двете државни средни училишта, при што во ДСУ „Искра“ - Штип го сочинуваат 77 ученици или 36%, и во ДСУ „Св. Наум Охридски“ - Скопје 134 ученици или 64% од вкупниот број на испитаници.

Дел од примерокот го сочинуваат воспитно-образовниот кадар во ДСУ, односно во двете училишта анкетни прашалници пополниле по 14 наставници, додека од анкетираните воспитувачи во ДСУ „Искра“ - Штип податоци се добиени од 6 воспитувачи или 55%, а во ДСУ „Св. Наум Охридски“ од 5 воспитувачи или 45% од вкупниот број на испитаници.




**Слика 2. Структура на воспитно - образовниот кадар во двете државни средни училишта**

За подобра реализација на севкупниот воспитно - образовен процес во двете училишта постојат стручни тимови, но мораме да напоменеме дека истите не се комплетно екипирани со сите потребни профили на стручни лица. Така, во ДСУ „Искра“ - Штип, стручниот тим е составен од 1 педагог и 1 социјален работник, а во ДСУ „Св. Наум Охридски“ - Скопје стручниот тим го сочинуваат 1 дефектолог, 1 психолог и 1 социјален работник. Структурата на членовите на стручниот тим е прикажана на слика 3.




**Слика 3. Структура на членовите на стручниот тим во двете државни средни училишта**

## 1.8. Статистичка анализа на податоците

Врз основа на податоците од истражувањето се пристапи кон следната фаза, односно статистичка обработка на истите. За поголема прегледност најпрвин се изврши групирање и табелирање на добиените параметри.

При квантитативната обработка на податоците ќе се користат следните статистички методи и техники:

- Групирање на резултатите;
- Табеларно и графичко прикажување на резултатите;
- Методи на статистичка анализа и обработка на податоците.

Тестирањето на хипотезите беше направено со Windows програмот R x C за анализа на табели на контингенција и Fisher Exact тест. Како значајни се земени разликите на ниво на значајност $p<0.05$.

## 1.9. Време и место на истражувањето

Истражувањето беше реализирано во ДСУ „Искра", Штип и ДСУ „Св. Наум Охридски", Скопје во период од месец април до месец мај 2011 година.

## 1.10. Организација и тек на истражувањето

По предходно изработениот план за текот на активностите, прибирањето на неопходните податоци започна со обезбедување на соодветен простор каде што се вршеше анализа на документацијата во училиштето. На увид беше дадена целокупната потребна документација од вработените во училиштето, односно воспитно - образовниот кадар и членовите на стручниот тим.

За време на истражувањето беше почитувано правилото за доверливост на личните податоци на испитаниците.

Истовремено беа поделени и анкетните листови на воспитно - образовниот кадар и стручниот тим во училиштата. Составен дел од самите анкетни листови беше и упатството за испитаниците според кое сите добиени податоци се од доверлива природа и истите ќе послужат само за потребите на истражувањето.

За време на истражувањето воспитно–образовниот кадар и членовите на стручниот тим во училиштата беа кооперативни.

# 2. Резултати

## 2.1. Вовед

Анализата на резултатите добиени во текот на истражувањето ни овозможува да добиеме увид на актуелната состојба на појавата на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост, нивна евиденција од страна на надлежните фактори, информираноста на адолесцентите за девијантните однесувања, како и проценка на степенот на влијание на ризик факторите за појава на ваквиот вид на однесување.

Истовремено добиваме и слика за мислењата и ставовите на воспитно - образовниот кадар и членовите на стручниот тим во однос на заемната соработка и нивото на остварена комуникација со учениците, степенот на соработка со родителите на учениците и надлежните институции кои ја третираат оваа проблематика.

Добиените резултати од истражувањето ќе придонесат кон превземање на понатамошни мерки за сеопфатна евиденција и позасилено влијание и санирање на ваквите состојби кај лицата со интелектуална попреченост, поактивно вклучување на родителите во реализацијата на воспитно - образовниот процес, како и креирање на политики на помош на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, зголемување на информираноста и слично.

### 2.1.1. Форми на девијантно однесување манифестирани од страна на учениците, водење на евиденција за истите и изречени воспитни мерки од страна на воспитно-образовниот кадар во средните училишта

Резултатите добиени од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на водење на евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците се прикажани во табела 1. и слика 4.

**Табела 1. Водење на евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците**

| Водење на евденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вк. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Да | N | 6 | 11 | 2 | 19 | 5 | 8 | 3 | 16 | 35 |
| | % | 31,6 | 57,9 | 10,5 | 100 | 31,2 | 50,0 | 18,8 | 100 | 79,5 |
| Не | N | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 | 6 | 0 | 6 | 9 |
| | % | / | 100 | / | 100 | / | 100 | / | 100 | 20,5 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | N | **44** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест p= 0.219 p>0.05**

Од табелата се забележува дека близу 80% од воспитно-образовниот кадар во двете училишта одговорил дека во училиштата се води евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците, при што најголем процент позитивни одговори (над 50%) се среќаваат кај наставниците, најмал кај стручниот тим. Од табелата може да се забележи дека кај воспитувачите и стручниот тим и во двете училишта нема негативни одговори во однос на водењето на евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците.

Во споредбата на двете училишта во однос на (не)водењето евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците, со статистичка обработка на податоците добиен е резултат p =0.219, односно p>0.05, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете училишта. Ваквите резултати упатуваат на заклучокот дека не постојат разлики помеѓу двете училишта во однос на водењето евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување од страна на воспитно-образовниот кадар во училиштата.




**Слика 4. Ставовите на воспитно - образовниот кадар во однос на водење евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување**

Резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на забележаните видови на девијантно однесување манифестирани од страна на учениците се прикажани во табела 2.

Од табелата се забележува дека воспитно-образовниот кадар во двете училишта како најчесто манифестиран облик на девијантно однесување кај учениците ја посочува деликвенцијата (62,3%). Како поретко манифестирани се идентификуваат проституцијата (16,4%) и алкохолизмот (11,5%), а во значително помал процент (под 5%) се среќаваат обидите за самоубиство, наркоманијата и хазардните игри (слика 5).




**Слика 5. Видови на девијантно однесување кои ги манифестираат учениците**

**Табела 2. Видови на девијантно однесување кои ги манифестираат учениците**

| Видови на девијантно однесување кои ги манифестираат учениците | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Проституција | N | 1 | 1 | 0 | 2 | 5 | 3 | 0 | 8 | 10 |
| | % | 50 | 50 | / | 100 | 62,5 | 37,5 | / | 100 | 16,4 |
| Хазардни игри | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | 100 | 1,6 |
| Самоубиство и обид за самоубиство | N | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | % | 100 | / | / | 100 | / | / | / | / | 4,9 |
| Алкохолизам | N | 2 | 3 | 0 | 5 | 1 | 1 | 0 | 2 | 7 |
| | % | 40 | 60 | / | 100 | 50 | 50 | / | 100 | 11,5 |
| Наркоманија | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | 100 | 3,3 |
| Деликвенција | N | 5 | 12 | 2 | 19 | 4 | 12 | 3 | 19 | 38 |
| | % | 26,3 | 63,2 | 10,5 | 100 | 21,0 | 63,2 | 15,8 | 100 | 62,3 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | **61** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест    p= 0.156    p>0.05**

Со статистичка обработка на податоците од двете училишта добиен е резултат p=0.156 односно p>0.05, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете училишта. Ваквите резултати упатуваат на заклучокот дека не постојат разлики помеѓу двете училшта во однос на видовите девијантно однесување манифестирани од страна на учениците кои се идентификувани од страна на воспитно-образовниот кадар во училиштата.

Најголем процент од испитаниците се изјаснија дека водат навремена евиденција и регистрирање на појавата на девијантни форми на однесување кај учениците, но, сепак, при анализа на досиејата на учениците не наидовме на податоци што би ги потврдиле нивните тврдења, односно немаше регистрирано било каков вид на девијантно однесување кај ниту еден ученик. Од истите досиеја добивме информација само за изречените воспитни мерки врз поедини ученици.

Во табела 3. се прикажани резултатите за изречените воспитни мерки на учениците во двете државни средни училишта. Од истата може да се забележи дека најчесто, и тоа во над две третини од случаите, како воспитна мерка е изречена една писмена опомена. Писмена опомена пред отстранување е изречена во околу 20% од случаите, а две писмени опомени кај околу 10%.

**Табела 3. Изречени воспитни мерки на учениците во двете државни средни училишта**

| Воспитни мерки | ДСУ „Искра“ | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | % | број | % | број | % |
| **Една писмена опомена** | 6 | 60, 0 | 9 | 75,0 | 15 | 68,2 |
| **Две писмени опомени** | 2 | 20,0 | 0 | / | 2 | 9,1 |
| **Писмена опомена пред отстранување** | 2 | 20,0 | 3 | 25,0 | 5 | 22,7 |
| **Вкупно** | 10 | 100% | 12 | 100% | **22** | **100%** |

**Fisher Exact тест p=0.348 p>0.05**

Во споредбата на двете училишта во однос на изречените воспитни мерки, како позначајна разлика може да се забележи дека во ДСУ „Св. Наум Охридски“ во ниту еден случај, како воспитна мерка, не се изречени две писмени опомени, за разлика од ДСУ „Искра“, каде оваа мерка се среќава во 20% од случаите. Со статистичка обработка на

податоците добиен е резултат p =0.348, односно p>0.05, што значи дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу двете училишта во однос на изречените воспитни мерки на учениците кои манифестираат девијантно однесување.




**Слика 6. Изречени воспитни мерки на учениците во двете државни средни училишта**

### 2.1.2. Информираност на адолесцентите со ЛИП за негативните последици од девијантното однесување

Значаен фактор за спречување на несаканите облици на однесување кај адолесцентската популација е нивната навремена информираност и разговор со нив за разните видови на девијантно однесување, нивна детекција и превенција.

Резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на водењето разговор со учениците за последиците од девијантното однесување се прикажани во табела 4.

Од табелата се забележува дека дури 95,5% од воспитно-образовниот кадар во двете училишта одговориле дека често водат разговор со учениците за последиците од девијантното однесување. Значително помал процент (4,5%) одговориле дека ваков разговор со учениците водат ретко, а ниту еден од испитаниците не одговорил дека никогаш не разговара со учениците за последиците од девијантното однесување.

Во споредбата на двете училишта во однос на (не)водењето разговор со учениците за последиците од девијантно однесување, со статистичка обработка на податоците добиен е резултат p =0.793, односно p>0.05, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете училишта. Ваквите резултати упатуваат на заклучокот дека не постојат разлики помеѓу двете училишта во однос на водењето разговор со учениците за последиците од девијантно однесување од страна на воспитно-образовниот кадар во училиштата.

**Табела 4. Разговор со учениците за девијантното однесување**

| Разговор со учениците | | ДСУ „Искра" | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски" | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Никогаш | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | % | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Ретко | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 | 2 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | 100 | 4,5 |
| Често | N | 6 | 14 | 2 | 22 | 5 | 12 | 3 | 20 | 42 |
| | % | 27,3 | 63,6 | 9,1 | 100 | 25 | 60 | 15 | 100 | 95,5 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | **44** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест p=0.793 p>0.05**

Во табела 5. се прикажани резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на нивните ставови за тоа дали учениците се информирани за последиците од различните видови девијантно однесување. Од табелата може да се забележи дека повеќе од половината од испитаниците во двете училишта (56,8%) сметаат дека учениците се делумно информирани за последиците од девијантното однесување. Нешто повеќе од една третина (36,4%) сметаат дека учениците се информирани, а само 6,8% дека тие не се информирани за последиците од девијантното однесување.

Со статистичка обработка на податоците од двете училишта, добиен е резултат $p=0.003$, односно $p<0.05$што значи дека постои силна статистички значајна разлика во ставовите на воспитно-образовниот кадар во двете училишта во однос на информираноста на учениците за последиците од различните видови на девијантно однесување.

**Табела 5. Информираност на учениците за последиците од разните видови на девијантно однесување**

| Информираност на учениците за последиците од девијантното однесување | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | | |
| Не | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 | 3 |
| | % | / | / | / | / | 100 | / | / | 100 | 6,8 |
| Делумно | N | 4 | 6 | 0 | 10 | 1 | 12 | 2 | 15 | 25 |
| | % | 40,0 | 60,0 | / | 100 | 6,7 | 80,0 | 13,3 | 100 | 56,8 |
| Да | N | 2 | 8 | 2 | 12 | 1 | 2 | 1 | 4 | 16 |
| | % | 16,7 | 66,6 | 16,7 | 100 | 25,0 | 50,0 | 25,0 | 100 | 36,4 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | **44** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест $p=0.003$ $p<0.05$**




**Слика 7. Ставовите на воспитно-образовниот кадар во однос на информираноста на учениците за последиците од девијантното однесување**

Вработениот персонал во училиштата во најголем број случаи се имаат изјаснето дека често разговараат со учениците во врска со девијантните облици на однесување, но, анализирајќи ги податоците од табела 6. доаѓаме до заклучок дека учениците ретко самоиницијативно започнуваат разговор или бараат помош од вработените.

Од табелата се забележува дека најголемиот дел од воспитно-образовниот кадар во двете училишта (70,5%) одговориле дека учениците кои манифестираат девијантно однесување ретко започнуваат разговор односно бараат помош самоиницијативно. Околу 20% одговориле дека учениците често бараат помош, а помалку од 10% дека учениците со девијантно однесување никогаш не започнуваат разговор односно не бараат помош самоиницијативно.

Знаејќи дека адолесценцијата е период во кој младиот човек е во постојана потрага по својот идентитет, а имајќи ги во предвид и низата специфичности со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост во текот на својот раст и развој, вработените во училиштата треба да посветат што е можно повеќе внимание на ваквите чувствителни теми, да ги поттикнуваат и поддржуваат учениците при учењето на нови позитивни облици на размислување и однесување, како и да претставуваат позитивен модел на идентификација кон кој овие лица ќе се стремат и ќе чувствуваат близина и сигурност да побараат помош и да се се информираат за многу прашања.

Во споредбата на двете училишта во однос на самоиницијативното започнување разговор односно барање помош од страна на учениците кои манифестираат девијантно однесување, со статистичка обработка на податоците добиен е резултат $p = 0.063$, односно $p > 0.05$, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете училишта. Ваквите резултати упатуваат на заклучокот дека не постојат разлики помеѓу двете училишта во однос на самоиницијативното започнување разговор односно барање помош од страна на учениците.

**Табела 6. Самоиницијативно започнување разговор односно барање помош од страна на учениците кои манифестираат девијантно однесување**

| Самоиницијативно започнување разговор односно барање помош од страна на учениците | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Никогаш | N | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 1 | 3 | 4 |
| | % | 100 | / | / | 100 | / | 66,7 | 33,3 | 100 | 9,1 |
| Ретко | N | 4 | 9 | 2 | 15 | 5 | 11 | 0 | 16 | 31 |
| | % | 26,7 | 60,0 | 13,3 | 100 | 31,3 | 68,7 | / | 100 | 70,5 |
| Често | N | 1 | 5 | 0 | 6 | 0 | 1 | 2 | 3 | 9 |
| | % | 16,7 | 83,3 | / | 100 | / | 33,3 | 66,7 | 100 | 20,4 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | **44** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест** **p= 0.063** **p>0.05**




**Слика 8. Ставовите на воспитно-образовниот персонал во однос на иницијативата за разговор со учениците за девијантното однесување**

### 2.1.3. Влијание на културно - образовното ниво на родителите врз појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП

Во недостаток на релевантни податоци за присуство на девијантни облици на однесување кај учениците, како параметар при натамошната анализа на податоците ќе го користиме поведението на учениците во текот на учебната година.

Во табела 7. се прикажани резултатите од испитувањето на поведението на учениците во двете државни средни училишта според образовното ниво на родителите на учениците.

Од табелата може да се забележи дека родителите на учениците и во двете училишта почесто се со пониско образовно ниво, а кај учениците доминира примерното поведение.

Од вкупниот број на ученици со добро поведение во ДСУ „Искра“ кај 4 ученика или 13,8% обата родители се со недооформено образование или се без образование од вкупниот број на родители со ова образовно ниво, а кај истото образовно ниво на родителите има по 2 ученици или 2,6% со незадоволително и нерегулирано поведение.

Во ДСУ „Св. Наум Охридски“ со добро поведение се 2 ученика или 4,7% од вкупниот број на случаи каде обата родители се со недооформено образование или се без образование.

Генерално, од добиените податоци можеме да забележиме дека во најголем број од случаите каде учениците имаат намалено поведение и родителите се на пониско образовно ниво, со што се потврдува нивната заемна поврзаност.

**Табела 7. Поведение на учениците во однос на образовното ниво на родителите**

| Образовно ниво на родителите | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | N | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | |
| ВСС | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 |
| ВСС | % | / | / | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 2,4 |
| ВСС | N | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| ССС | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 4,3 |
| Вишо | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Друго | % | / | / | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 0,5 |
| ССС | N | 7 | 7 | 0 | 0 | 0 | 11 | 11 | 0 | 0 | 0 | 18 |
| ССС | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 8,5 |
| ССС | N | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ПСУ | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 1,4 |
| ССС | N | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 18 | 18 | 0 | 0 | 0 | 20 |
| ОУ | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 9,5 |
| ССС | N | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| ПОУ | % | 100 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 0,5 |
| ССС | N | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 6 |
| Друго | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 2,8 |
| ПСУ | N | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ОУ | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 1,4 |
| ПСУ | N | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| ПОУ | % | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 1,4 |
| ОУ | N | 17 | 15 | 2 | 0 | 0 | 13 | 13 | 0 | 0 | 0 | 30 |
| ОУ | % | 100 | 88,2 | 11,8 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 14,2 |
| ОУ | N | 15 | 13 | 2 | 0 | 0 | 26 | 26 | 0 | 0 | 0 | 41 |
| Друго | % | 100 | 86,7 | 13,3 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 19,4 |
| Друго | N | 29 | 21 | 4 | 2 | 2 | 42 | 40 | 2 | 0 | 0 | 71 |
| Друго | % | 100 | 72,4 | 13,8 | 6,9 | 6,9 | 100 | 95,2 | 4,8 | / | / | 33,6 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | **N** | **211** |
| | | | | | | | | | | | **%** | **100** |

### 2.1.4. Поврзаност меѓу дисфункционалните семејства и манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП

Семејството претставува примарна група во која детето ги обликува првите карактерни особини. Недостатокот на супервизија од страна на родителите, семејствата со поголем број на деца, како и појавата на девијантност во семејството се значајни ризик фактори кои можат да доведат до појава на несакани видови на однесување кај децата.

Предмет на наш интерес беше нивото на супервизија и соработката на родителите со воспитно - образовниот кадар во двете училишта.

Резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на покажувањето интерес од страна на родителите за проблемите на учениците во врска со девијантното однесување се прикажани во табела 8.

Од табелата се забележува дека најголемиот дел од воспитно-образовниот кадар во двете училишта (86,4%) одговориле дека родителите на учениците ретко покажуваат интерес за проблемите на учениците во врска со девијантното однесување (слика 9).




**Слика 9. Покажување интерес од страна на родителите за проблемите на учениците во врска со девијантното однесување**

Во споредбата на двете училишта, со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p = 0.655$, односно $p > 0.05$, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите, а тоа упатува на заклучокот дека не постојат разлики во ставовите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта во однос на заинтересираноста на родителите за проблемите на учениците во врска со девијантното однесување.

**Табела 8. Интерес на родителите за решавање на проблемите на учениците поврзани со девијантното однесување**

| Пројавување на интерес од страна на родителите | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Никогаш | N | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | 3 |
| | % | / | 100 | / | 100 | / | / | 100 | 100 | 6,8 |
| Ретко | N | 6 | 11 | 2 | 19 | 5 | 12 | 2 | 19 | 38 |
| | % | 31,6 | 57,9 | 10,5 | 100 | 26,3 | 63,2 | 10,5 | 100 | 86,4 |
| Често | N | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 3 |
| | % | / | 100 | / | 100 | / | 100 | / | 100 | 6,8 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | 44 |
| | | | | | | | | | % | 100 |

**Fisher Exatc тест p=0.655 p>0.05**

Во табела 9. се прикажани резултатите од испитувањето на поведението на учениците во двете државни средни училишта дадени според забележаните форми на девијантно однесување во семејствата на учениците.

Од табелата може да се забележи дека кај речиси две третини од испитаниците во нивните семејства е присутна деликвенцијата, а кај скоро една третина алкохолизмот како форма на девијантно однесување. И во двата случаи, девијантното однесување е почесто присутно кај татковците на учениците.

Сите 11 ученици или 100% кај кои е евидентирана девијантна форма на однесување во семејството имаат примерно поведение.

Бидејќи во текот на истражувањето во училиштата немаше евиденција за тековни случаи на ученици со девијантни облици на однесување, не сме во можност да направиме анализа од која би се добило согледување дали девијантното однесување на членовите од семејството влијае и за развивање на вакви форми на однесување кај самите ученици.

Во споредбата на двете државни средни училишта, може да се забележи дека во ДСУ „Св. Наум Охридски“ се забележани шест случаи на појава на деликвенција во семејствата на учениците наспроти еден ваков случај во ДСУ „Искра“, додека состојбата е спротивна кога станува за алкохолизмот, па во ДСУ „Искра“ се регистрирани три вакви случаи наспроти еден во ДСУ „Св. Наум Охридски“.

**Табела 9. Поведението на учениците во однос на девијантно однесување во семејството**

| Девијантно однесување во семејството | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | |
| **Алкохолизам** | | | | | | | | | | | | |
| Друг член | N | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | / | / | / | / | / | 9,1 |
| Татко | N | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 27,3 |
| **Деликвенција** | | | | | | | | | | | | |
| Татко | N | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 4 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 36,3 |
| Мајка | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 3 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | / | / | 100 | 27,3 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | **N** | **11** |
| | | | | | | | | | | | **%** | **100** |

Резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на бројот на деца во семејството од кое доаѓаат учениците се дадени во табела 10.

Од табелата се забележува дека по околу 40% од учениците доаѓаат од семејства во кои има по две односно три и повеќе деца, а околу 15% се од семејства во кои тие практично се единствено дете.

Со статистичка обработка на податоците добиен е резултат $p=0.334$, односно $p>0.05$, што значи дека не постои статистички значајна разлика во поведението на учениците кои доаѓаат од семејства со различен број деца. Ова упатува на заклучокот дека бројот на деца во семејството не влијае на појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.

**Табела 10. Поведението на учениците во однос на број на деца во семејството**

| Број на деца во семејството | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пример но | Добро | Незадо во-лително | Нерегу-лирано | Вк. | Пример но | Добро | Незадо во-лително | Нерегу-лирано | Вк. | |
| Едно | N | 9 | 1 | 0 | 1 | 11 | 21 | 1 | 0 | 0 | 22 | 33 |
| | % | 81,8 | 9,1 | / | 9,1 | 100 | 95,5 | 4,5 | / | / | 100 | 15,6 |
| Две | N | 33 | 4 | 0 | 0 | 37 | 51 | 0 | 0 | 0 | 51 | 88 |
| | % | 89,2 | 10,8 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 41,7 |
| Три и повеќе | N | 23 | 3 | 2 | 1 | 29 | 60 | 1 | 0 | 0 | 61 | 90 |
| | % | 79,3 | 10,3 | 6,9 | 3,5 | 100 | 98,4 | 1,6 | / | / | 100 | 42,7 |
| Вкупно | | | | | | | | | | | N | **211** |
| | | | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест p=0.334 p>0.05**

### 2.1.5. Поврзаност меѓу училишниот успех и девијантното однесување кај учениците со ЛИП

Резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на поврзаноста на училишниот успех и манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП се прикажани во табела 11.

Од табелата се забележува дека повеќе од половината од воспитно-образовниот кадар во двете училишта (52,3%) одговориле дека постои делумна поврзаност помеѓу манифестирањето девијантно однесување и училишниот успех на учениците. Речиси една третина од воспитно-образовниот кадар смета дека училишниот успех влијае на појавата на девијантно однесување, а околу 15% сметаат дека не постои таква поврзаност (слика 10).




**Слика 10. Влијание на училишниот успех врз појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП**

Во споредбата на одговорите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта, со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат р =0.065, односно р>0.05, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите, а тоа упатува на заклучокот дека не постојат разлики во ставовите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта во однос на поврзаноста на училишниот успех и манифестирањето на девијантно однесување од страна на учениците со ЛИП.

**Табела 11. Манифестирање на девијантно однесување во зависност од училишниот успех на учениците со ЛИП**

| Манифестирањето на девијантно однесување е поврзано со училишниот успех | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Не | N | 1 | 1 | 2 | 4 | 0 | 2 | 1 | 3 | 7 |
| | % | 25 | 25 | 50 | 100 | / | 66,7 | 33,3 | 100 | 15,9 |
| Делумно | N | 2 | 9 | 0 | 11 | 1 | 9 | 2 | 12 | 23 |
| | % | 18,2 | 81,8 | / | 100 | 8,3 | 75,0 | 16,7 | 100 | 52,3 |
| Да | N | 3 | 4 | 0 | 7 | 4 | 3 | 0 | 7 | 14 |
| | % | 42,9 | 57,1 | / | 100 | 57,1 | 42,9 | / | 100 | 31,8 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | 44 |
| | | | | | | | | | % | 100% |

**Fisher Exact тест p=0.065 p>0.05**

Во табела 12. се прикажани резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на нивниот училишен успех.

Од табелата се забележува дека повеќе од две третини од учениците имаат одличен или многу добар училишен успех, околу 20% покажуваат добар, а само околу 8% доволен училишен успех. Од друга страна, најголем дел од учениците (93,4%) покажуваат примерно поведение, 4,8 % добро, а само 0,9% покажуваат незадоволително поведение.

На слика 11. е прикажано поведението на учениците со ЛИП во однос на нивниот училишен успех.




**Слика 11. Поведение на учениците со ЛИП во однос на нивниот училишен успех**

Со статистичка обработка на податоците добиен е резултат $p<0.001$, што значи дека постои силна статистички значајна разлика во поведението на учениците во зависност од нивниот училишен успех. Ова упатува на заклучокот дека училишниот успех влијае на појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.

**Табела 12. Поведение на учениците со ЛИП во однос нанивниот училишен успех**

| Училишен успех | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | |
| **Одличен** | N | 21 | 4 | 0 | 0 | 25 | 54 | 0 | 0 | 0 | 54 | 79 |
| | % | 84 | 16 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 37,4 |
| **Многу добар** | N | 16 | 2 | 0 | 0 | 18 | 52 | 0 | 0 | 0 | 52 | 70 |
| | % | 88,9 | 11,1 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 33,2 |
| **Добар** | N | 22 | 1 | 2 | 0 | 25 | 17 | 1 | 0 | 0 | 18 | 43 |
| | % | 88,0 | 4,0 | 8,0 | / | 100 | 94,4 | 5,6 | / | / | 100 | 20,4 |
| **Доволен** | N | 6 | 1 | 0 | 0 | 7 | 9 | 1 | 0 | 0 | 10 | 17 |
| | % | 85,7 | 14,3 | / | / | 100 | 90,0 | 10,0 | / | / | 100 | 8,1 |
| **Неоценет** | N | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | % | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | / | / | 0,9 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | N | **211** |
| | | | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест** **p < 0,001**

Во врска со ова прашање предмет на наш интерес беше дали воспитната и образовната компонента во овие училишта се подеднакво застапени, односно дали вработениот кадар во текот на работата подеднакво посветува внимание на стекнување на нови знаења кај учениците, но истовремено и на развој на морални и етички вредности и севкупен развој на младите луѓе во одговорни и позитивно насочени личности.

За таа цел одговор преку анкетните прашалници побаравме од наставниците и воспитувачите во двете училишта.

Резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на подеднаквата застапеност на воспитната и образовната компонента во работата со учениците со ЛИП се дадени во табела 13.

Од табелата се забележува дека повеќе од половината од воспитно-образовниот кадар во двете училишта (56,4%) одговориле дека воспитната и образовната компонента се подеднакво застапени во работата со учениците со ЛИП. Околу една четвртина (25,6%) одговориле дека воспитната компонента не е застапена, а 18% дека воспитната компонента е делумно застапена во работата со учениците со ЛИП (слика 12.).




**Слика 12. Застапеност на воспитната во однос на образовната компонента во работата со учениците со ЛИП**

Во споредбата на одговорите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта, со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p=0.023$, односно $p<0.05$, што значи дека постои статистички значајна разлика во одговорите, а тоа упатува на заклучокот дека постои разлика во однос на застапеноста на воспитната и образовната компонента во работата со учениците со ЛИП од страна на воспитно-образовниот кадар во двете училишта.

**Табела 13. Застапеност на воспитната во однос на образовната компонента во работата со учениците со ЛИП**

| Застапеност на воспитно-образовна компонента | | ДСУ „Искра“ | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Вк. | Воспитувач | Наставник | Вк. | |
| Не | N | 1 | 1 | 2 | 3 | 5 | 8 | 10 |
| | % | 50 | 50 | 100 | 37,5 | 62,5 | 100 | 25,6 |
| Делумно | N | 2 | 2 | 4 | 2 | 1 | 3 | 7 |
| | % | 50 | 50 | 100 | 66,7 | 33,3 | 100 | 18,0 |
| Да | N | 3 | 11 | 14 | 0 | 8 | 8 | 22 |
| | % | 21,4 | 78,6 | 100 | / | 100 | 100 | 56,4 |
| **Вкупно** | | | | | | | N | **39** |
| | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест** $p=0.023$ $p<0.05$

Начинот на кој воспитно-образовниот кадар ја реализира својата работа и пристапот што вработените го имаат кон учениците имааат големо значење, особено имајќи ја во предвид специфичноста во развојот на адолесцентите со ЛИП.

Училиштето треба да претставува протективен фактор кое ќе создава услови за просоцијално училишно вклучување на учениците, во кое тие ќе бидат мотивирани и ќе имаат позитивен став кон учењето. На прашањето какви мерки користат во својата работа им беше оставена можност на испитаниците да се одлучат за повеќе можни одговори, при што ги добивме следните резултати.

Во табела 14. се прикажани одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта за применетите мерки во воспитно-образовната работа со учениците со ЛИП кои манифестираат девијантно однесување..

Од табелата се забележува дека 61,5% од воспитно-образовниот кадар во работата со учениците со ЛИП кои манифестираат девијантно однесување применуваат поттикнување и наградување, а 38,5% применуваат забрани и ограничувања.

Во споредбата на одговорите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта, со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p=0.334$, односно $p>0.05$, што значи дека не постои статистички значајна разлика во одговорите, а тоа упатува на заклучокот дека не постои разлика во однос на применетите мерки во работата со учениците со ЛИП кои манифестираат девијантно однесување од страна на воспитно-образовниот кадар во двете училишта.

**Табела 14. Применети мерки во воспитно образовната работа со учениците со ЛИП кои манифестираат девијантно однесување**

| Применети мерки во работата со учениците | | ДСУ „Искра" | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски" | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Забрани и ограничувања | N | 6 | 7 | 2 | 15 | 4 | 4 | 2 | 10 | 25 |
| | % | 40,0 | 46,7 | 13,3 | 100 | 40,0 | 40,0 | 20,0 | 100 | 38,5 |
| Поттикнување и наградување | N | 4 | 14 | 2 | 20 | 3 | 14 | 3 | 20 | 40 |
| | % | 20,0 | 70,0 | 10,0 | 100 | 15,0 | 70,0 | 15,0 | 100 | 61,5 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | **65** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест p= 0.334 p>0.05**




**Слика 13. Ставовите на воспитно-образовниот када во однос на применетите мерки во воспитно-образовната работа**

Тргнувајќи од фактот за значењето на меѓусебната соработка помеѓу воспитно-образовниот кадар и стручниот тим во училиштата побаравме нивно мислење во колкава мера таа соработка се остварува во двете училишта.

Резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на меѓусебната соработка се дадени во табела 15.

Од табелата се забележува дека повеќе од две третини од воспитно-образовниот кадар во двете училишта смета дека соработката е добра, една четвртина сметаат дека помеѓу воспитно-образовниот кадар и стручниот тим има задоволителна соработка, а само 6,8% дека соработката е незадоволителна (слика 14.).




**Слика 14. Соработка меѓу воспитно-образовниот кадар и стручниот тим во училиштата**

Во споредбата на одговорите на воспитно-образовниот кадар од двете државни средни училишта, со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p=0.061$, односно $p>0.05$, што значи дека разликите во резултатите се случајни односно не постои статистички значајна разлика во ставовите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта во однос на соработката помеѓу стручниот тим и воспитно-образовниот кадар.

**Табела 15. Соработка меѓу воспитно-образовниот кадар и стручниот тим во училиштата**

| Оценка за соработката на воспитно-образовниот кадар и стручниот тим во училиштата | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Незадоволителна | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | 3 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | 100 | 6,8 |
| Задоволителна | N | 4 | 2 | 0 | 6 | 3 | 2 | 0 | 5 | 11 |
| | % | 66,7 | 33,3 | / | 100 | 60,0 | 40,0 | / | 100 | 25,0 |
| Добра | N | 2 | 12 | 2 | 16 | 2 | 9 | 3 | 14 | 30 |
| | % | 12,5 | 75,0 | 12,5 | 100 | 14,3 | 64,3 | 21,4 | 100 | 68,2 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | **44** |
| | | | | | | | | | % | **100** |

**Fisher Exact тест p=0.061 p>0.05**

Кога станува збор за степенот на остварена соработка со други надлежни установи кои ја третираат оваа проблематика (центри за социјална работа, полиција, центри за здравствена заштита и слично), побаравме мислење од членовите на стручниот тим во двете училишта, а добиените резултати се прикажани на табела 16. и слика 15.

Во табела 16. се прикажани резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на соработката помеѓу училиштата и надлежните институции кои ја третираат проблематиката на девијантното однесување.

***Табела 16. Соработка помеѓу училиштата и надлежни институции кои ја третираат проблематиката на девијантното однесување***

| **Постоење на соработка помеѓу училиштата и надлежните институции** | | **ДСУ „Искра“** | **ДСУ „Св. Наум Охридски“** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | | **Стручен тим** | **Стручен тим** | |
| **Не** | **N** | 0 | 0 | 0 |
| | **%** | / | / | / |
| **Делумно** | **N** | 0 | 0 | 0 |
| | **%** | / | / | / |
| **Да** | **N** | 2 | 3 | 5 |
| | **%** | 40,0 | 60,0 | 100 |
| **Вкупно** | | | **N** | 5 |
| | | | **%** | 100 |

Од табелата се забележува дека сите испитаници од двете државни средни училишта сметаат дека помеѓу училиштата и институциите кои се надлежни за проблематиката на девијантното однесување постои соработка во пристапот и надминувањето на проблемите на учениците со ЛИП во однос на манифестирањето на девијантно однесување.




**Слика 15. Ставовите на членовите на стручниот тим за степенот на соработка со надлежни институции**

### 2.1.6. Поврзаност меѓу местото на живеење на учениците со ЛИП и манифестирањето на девијантно однесување кај истите

Резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на местото на живеење од каде доаѓаат се прикажани во табела 17.

Од табелата се забележува дека три четвртини од учениците во двете државни средни училишта доаѓаат од град, а една четвртина од село.

Со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p = 0.011900$ и S.E. 0.002234, односно $p<0.05$, што значи дека постои статистички значајна разлика во поведението на учениците кои доаѓаат од град и оние кои доаѓаат од село. Ова упатува на заклучокот дека местото на живеење влијае врз поведението односно појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.

***Табела 17. Поведение на учениците со ЛИП во однос на местото на живеење од каде доаѓаат***

| **Место на живеење** | | **ДСУ „Искра“** | | | | | **ДСУ „Св. Наум Охридски“** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Примерно** | **Добро** | **Незадово - лително** | **Нерегу-лирано** | **Вк.** | **Примерно** | **Добро** | **Незадово-лително** | **Нерегу-лирано** | **Вк.** | |
| **Град** | N | 41 | 4 | 2 | 2 | 49 | 109 | 2 | 0 | 0 | 111 | 160 |
| | % | 83,7 | 8,1 | 4,1 | 4,1 | 100 | 98,2 | 1,8 | / | / | 100 | 75,8 |
| **Село** | N | 24 | 4 | 0 | 0 | 28 | 23 | 0 | 0 | 0 | 23 | 51 |
| | % | 85,7 | 14,3 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 24,2 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | **N** | **211** |
| | | | | | | | | | | | **%** | **100** |

**RxC табели на контингенција** **p = 0,011900** **S.E. 0,002234**

### 2.1.7. Поврзаност меѓу интернатскиот начин на згрижување на учениците со ЛИП и манифестирањето на девијантно однесување кај истите

Во табела 18. се прикажани резултатите од одговорите на воспитно-образовниот кадар во двете државни средни училишта во однос на поврзаноста на интернатскиот начин на згрижување на учениците со ЛИП и појавата на девијантно однесување кај истите.

Од табелата се забележува дека повеќе од половината од испитаниците (54,5%) сметаат дека интернатскиот начин на згрижување на учениците со ЛИП не влијае на појавата на девијантно однесување кај истите, а околу 43% сметаат дека постои делумна поврзаност помеѓу интернатското згрижување и манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.

Во споредбата на одговорите на воспитно-образовниот кадар од двете државни средни училишта, со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p=0.070$, односно $p>0.05$, што значи дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на воспитно-образовниот кадар од двете училишта во однос на поврзаноста на интернатскиот начин на згрижување на учениците со ЛИП и манифестирањето на девијантно однесување кај истите.

**Табела 18. Интернатско згрижување на учениците со ЛИП и манифестирањето на девијантно однесување кај истите**

| Поврзаност помеѓу местото на живеење и манифестирањето на девијантно однесување | | ДСУ „Искра“ | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | Воспитувач | Наставник | Стручен тим | Вк. | |
| Не | N | 4 | 3 | 2 | 9 | 4 | 9 | 2 | 15 | 24 |
| | % | 44,4 | 33,3 | 22,3 | 100 | 26,7 | 60,0 | 13,3 | 100 | 54,5 |
| Делумно | N | 2 | 11 | 0 | 13 | 1 | 4 | 1 | 6 | 19 |
| | % | 15,4 | 84,6 | / | 100 | 16,7 | 66,6 | 16,7 | 100 | 43,2 |
| Да | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| | % | / | / | / | / | / | | / | 100 | 2,3 |
| Вкупно | | | | | | | | | N | 44 |
| | | | | | | | | | % | 100 |

**Fisher Exact тест p=0.070 p>0.05**




**Слика 16. Ставовите на воспитно-образовниот персонал во однос на корелацијата меѓу интернатското згрижување и девијантното однесување**

Резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на начинот и местото на згрижување се прикажани во табела 19.

Од табелата се забележува дека повеќе од една половина од учениците (51,6%) во двете државни средни училишта живеат во ученички дом, 46% живеат во семејство, а само 2,5% од учениците се сместени во дом за деца без родители.

Со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p<0.001$, што значи дека постои силна статистички значајна разлика помеѓу поведението на учениците и местото и начинот на нивно сместување. Ова упатува на заклучокот дека начинот и местото на згрижување на учениците со ЛИП влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај истите.

**Табела 19. Поведение на учениците со ЛИП според местото и начинот на згрижување**

| Место и начин на згрижување | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | |
| Семејство | N | 10 | 0 | 0 | 0 | 10 | 86 | 1 | 0 | 0 | 87 | 97 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | 98,8 | 1,2 | / | / | 100 | 46,0 |
| Ученички дом | N | 55 | 8 | 2 | 2 | 67 | 41 | 1 | 0 | 0 | 42 | 109 |
| | % | 82,1 | 11,9 | 3,0 | 3,0 | 100 | 97,6 | 2,4 | / | / | 100 | 51,6 |
| Дом за деца без родители | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | / | / | 100 | 2,4 |
| Вкупно | | | | | | | | | | | N | 211 |
| | | | | | | | | | | | % | 100 |

**Fisher Exact тест p<0.001**

### 2.1.8. Поврзаност меѓу возраста и појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП

Резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на календарската возраст се прикажани во табела 20.

Од табелата се забележува дека најголем дел од учениците се на возраст од 18 години (една третина од учениците) односно 17 години (една четвртина од учениците). Околу 18% се на возраст од 19 години, а близу 13% на возраст од 16 години. Најмал процент од учениците се на возраст од 15, 20 и 21 година.

Со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p = 0{,}021340$ и S.E. 0,010871, односно $p<0.05$, што значи дека постои статистички значајна разлика во поведението на учениците со ЛИП кои се на различна возраст. Ова упатува на заклучокот дека возраста на учениците со ЛИП влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај истите.

**Табела 20. Поведение на учениците со ЛИП во однос на календарската возраст**

| Календарска возраст на учениците | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | |
| 15 год. | N | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 4 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 1,9 |
| 16 год. | N | 15 | 0 | 0 | 0 | 15 | 12 | 0 | 0 | 0 | 12 | 27 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 12,8 |
| 17 год. | N | 17 | 1 | 1 | 1 | 20 | 31 | 0 | 0 | 0 | 31 | 51 |
| | % | 85,0 | 5,0 | 5,0 | 5,0 | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 24,2 |
| 18 год. | N | 18 | 3 | 0 | 0 | 21 | 48 | 2 | 0 | 0 | 50 | 71 |
| | % | 85,7 | 14,3 | / | / | 100 | 96,0 | 4,0 | / | / | 100 | 33,6 |
| 19 год. | N | 6 | 3 | 0 | 0 | 9 | 29 | 0 | 0 | 0 | 29 | 38 |
| | % | 66,7 | 33,3 | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 18,0 |
| 20 год. | N | 6 | 0 | 0 | 0 | 6 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 | 11 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 5,2 |
| 21 год. | N | 1 | 1 | 1 | 1 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 | 5 | 9 |
| | % | 25,0 | 25,0 | 25,0 | 25,0 | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 4,3 |
| Вкупно | | | | | | | | | | | N | **211** |
| | | | | | | | | | | | % | **100** |

**RxC табели на контингенција** **p = 0,021340** **S.E. 0,010871**

Во табела 21. се прикажани резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на должината на престојот во ученички дом.

Од табелата се забележува дека речиси 40% од учениците со ЛИП кои се сместени во ученички дом, во истиот престојуваат една година, околу 32% во домот престојуваат две години, а околу 30% таму се сместени три години.

Со статистичка обработка на податоците, добиен е $p=0.028$, односно $p<0.05$, што значи дека постои статистички значајна разлика во поведението на учениците со ЛИП кои се сместени во ученички дом, а кои различно време престојуваат во истиот. Ова упатува на заклучокот дека должината на престојот во ученички дом влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.

**Табела 21. Поведение на учениците во однос на должината на престојот во ученички дом**

| Должина на престој во ученички дом | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | Примерно | Добро | Незадоволително | Нерегулирано | Вк. | |
| **1 година** | N | 20 | 0 | 0 | 1 | 21 | 21 | 0 | 0 | 0 | 21 | 42 |
| | % | 95,2 | / | / | 4,8 | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 38,5 |
| **2 години** | N | 18 | 3 | 0 | 1 | 22 | 12 | 1 | 0 | 0 | 13 | 35 |
| | % | 81,8 | 13,6 | / | 4,6 | 100 | 92,3 | 7,7 | / | / | 100 | 32,1 |
| **3 години** | N | 17 | 5 | 2 | 0 | 24 | 8 | 0 | 0 | 0 | 8 | 32 |
| | % | 70,8 | 20,8 | 8,4 | / | 100 | 100 | / | / | / | 100 | 29,4 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | | | N | **109** |
| | | | | | | | | | | | **%** | **100** |

**Fisher Exact тест $p= 0.028$ $p<0.05$**




**Слика 17. Поведението на учениците во однос на времетраењето на престој во ученички дом**

## 2.1.9. Поврзаност меѓу полот и појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП

Во табела 22. се прикажани резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на нивниот пол.

Од табелата се забележува дека 71,6% од учениците во двете државни средни училишта се од машки, а 28,4% од женски пол. Од друга страна, најголем дел од учениците со ЛИП (над 90%), без разлика на нивниот пол, покажуваат примерно поведение.

Со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат p=0.115, односно p>0.05, што значи дека не постои статистички значајна разлика во поведението на учениците со ЛИП кои се од различен пол. Ова упатува на заклучокот дека полот не влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.




**Слика 18. Поведението на учениците во однос на полот**

**Табела 22. Поведение на учениците со ЛИП во однос на нивниот пол**

<table>
<tr><th colspan="2" rowspan="2">Пол на учениците</th><th colspan="5">ДСУ „Искра“</th><th colspan="5">ДСУ „Св. Наум Охридски“</th><th rowspan="2">Вкупно</th></tr>
<tr><th>Примерно</th><th>Добро</th><th>Незадово-лително</th><th>Нерегу-лирано</th><th>Вк.</th><th>Примерно</th><th>Добро</th><th>Незадово-лително</th><th>Нерегу-лирано</th><th>Вк.</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Машки</td><td>N</td><td>49</td><td>4</td><td>2</td><td>0</td><td>55</td><td>95</td><td>1</td><td>0</td><td>0</td><td>96</td><td>151</td></tr>
<tr><td>%</td><td>89,1</td><td>7,3</td><td>3,6</td><td>/</td><td>100</td><td>99,0</td><td>1,0</td><td>/</td><td>/</td><td>100</td><td>71,6</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Женски</td><td>N</td><td>16</td><td>4</td><td>0</td><td>2</td><td>22</td><td>37</td><td>1</td><td>0</td><td>0</td><td>38</td><td>60</td></tr>
<tr><td>%</td><td>72,7</td><td>18,2</td><td>/</td><td>9,1</td><td>100</td><td>97,4</td><td>2,6</td><td>/</td><td>/</td><td>100</td><td>28,4</td></tr>
<tr><td colspan="11" rowspan="2">Вкупно</td><td>N</td><td>211</td></tr>
<tr><td>%</td><td>100</td></tr>
</table>

**Fisher Exact тест** **$p=0.115$** **$p>0.05$**

## 2.1.10. Поврзаност меѓу етничката припадност и појавата на девијантно однесување кај учениците со ЛИП

Резултатите од испитувањето на поведението на учениците со ЛИП во двете државни средни училишта во однос на нивната етничка припадност се прикажани во табела 23.

Од табелата се забележува дека повеќе од половината од учениците (55,5%) се Македонци, околу една третина се Роми, а околу 10% се Албанци. Процентот на ученици Срби, Турци, Власи и Македонци-муслимани е значително помал (0,5-1%). Од друга страна, од табелата се забележува дека кај сите ученици, без разлика на нивната етничка припадност, доминира примерното поведение.

Намалено поведение кај учениците од македонска етничка припадност е евидентирано во 42,9%, а кај учениците од ромска етничка припадност во 57.1% од вкупниот број на ученици со намалено поведение.

**Табела 23. Поведението на учениците во однос на етничката припадност**

| Етничка припадност на учениците | | ДСУ „Искра“ | | | | | ДСУ „Св. Наум Охридски“ | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Примерно | Добро | Незадово-лително | Нерегу-лирано | Вк. | Примерно | Добро | Незадово-лително | Нерегу-лирано | Вк. | |
| Македонец | N | 46 | 3 | 1 | 1 | 51 | 65 | 1 | 0 | 0 | 66 | 117 |
| | % | 90,1 | 5,9 | 2,0 | 2,0 | 100 | 98,5 | 1,5 | / | / | 100 | 55,5 |
| Албанец | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 20 | 0 | 0 | 0 | 20 | 20 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | / | / | 100 | 9,5 |
| Ром | N | 18 | 5 | 1 | 1 | 25 | 43 | 1 | 0 | 0 | 44 | 69 |
| | % | 72,0 | 20,0 | 4,0 | 4,0 | 100 | 97,7 | 2,3 | / | / | 100 | 32,5 |
| Турчин | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | / | / | 100 | 1,0 |
| Влав | N | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | % | 100 | / | / | / | 100 | / | / | / | / | / | 0,5 |
| Србин | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | / | / | 100 | 0,5 |
| Македонец муслиман | N | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | % | / | / | / | / | / | 100 | / | / | / | 100 | 0,5 |
| Вкупно | | | | | | | | | | | N | **211** |
| | | | | | | | | | | | % | **100** |




**Слика 19. Поведението на учениците во однос на етничката припадност**

# 3. Заклучоци и препораки

## 3.1. Заклучоци

- **Хипотезата „Училиштата не водат (немаат) адекватна евиденција и регистрирање на различните форми на девијантно однесување" е потврдена.** Иако близу 80% од воспитно-образовниот кадар одговориле потврдно, сепак при анализа на постоечката документација утврдивме дека нема ниту еден евидентиран случај на ученик со одредена форма на девијантно однесување. Евиденција се води само за пропишаните воспитни мерки и училишно поведение, а најмногу застапени облици на девијантно однесување според досегашните искуства на вработениот персонал се деликвенција, проституција алкохолизам.

- **Хипотезата „Адолесцентите со лесна интелектуална попреченост не се доволно информирани за негативните последици од девијантното однесување" е делумно потврдена.** Од добиените податоци во текот на истражувањето дојдовме до констатација дека во 95.5% вработените се изјасниле дека редовно разговараат со учениците за неприфатливите облици на однесување, додека во врска со нивната информираност за последиците од девијантното однесување, 56.8% од воспитно-образовниот кадар одговориле дека учениците се делумно информирани. 70.45% од вкупниот број на вработени одговориле дека учениците ретко први започнуваат разговор или бараат помош самоиницијативно. До слични резултати доаѓаат и Маклафлин и соработниците, според кои лицата со ЛИП не се доволно запознаени со постоечките провајдери во заедницата кои можат да им понудат соодветна помош во врска со девијантните облици на однесување.

- **Хипотезата „Културно - образовното ниво на родителите влијае на појава на девијантно однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост" е потврдена.** Од добиените резултати доаѓаме до заклучок дека родителите на учениците кои имаат намалено поведение најчесто се со понизок степен на образование или без образование.

- **Хипотезата „Поголемиот број од учениците кои манифестираат девијантно однесување потекнуваат од дисфункционални семејства“ е делумно потврдена.** Родителите на учениците во 86.4% според мислењето на воспитно – образовниот персонал се ретко заинтересирани за заемна соработка, а сите ученици кај кои е евидентирана девијантна форма на однесување во семејството, имаат примерно поведение.

- **Хипотезата „ Слабиот училишен успех е во корелација со девијантното однесување“ е потврдена.** Според мислењето на 52.3% од вработениот персонал во двете училишта корелацијата меѓу девијантното однесување и училишниот успех е делумно изразена, додека една третина од вкупниот број на вработени сметаат дека таква корелација постои. Со статистичката обработка на податоците за поврзаноста меѓу училишниот успех и поведение ($p<0.001$) можеме да заклучиме дека постои силна взаемна поврзаност меѓу овие два параметри. Во однос на застапеноста на воспитната компонента, добиен е резултат $p<0.05$, односно постои статистички значајна разлика во застапеноста на воспитната и образовната компонента во наставата.

- **Хипотезата „Учениците кои потекнуваат од урбана средина манифестираат повеќе девијантно однесување“ е потврдена.** Со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p<0.05$„ што значи дека постои статистички значајна разлика во поведението на учениците кои доаѓаат од град и оние кои доаѓаат од село, односно местото на живеење влијае на поведението и појавата на девијантно однесување.

- **Хипотезата „Интернатски згрижените ученици со лесна интелектуална попреченост манифестираат поголем обем на девијантно однесување во споредба со нивните врсници кои живеат во семејство“е потврдена.** Добиените резултати покажуваат дека поголем дел од испитаниците (54,5%) сметаат дека интернатскиот начин на згрижување на учениците со ЛИП не влијае на појавата на девијантно однесување кај истите, додека со статистичката обработка на податоците ($p<0.001$), се доаѓа до заклучокот дека начинот и местото на згрижување на

учениците со ЛИП има големо влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај истите.

- **Хипотезата „Постарите малолетни лица со интелектуална попреченост манифестираат поголем степен на девијантно однесување" е потврдена.** Постои статистички значајна разлика во поведението на учениците со ЛИП кои се на различна возраст ($p=0.021340$, односно $p<0.05$), што значи дека возраста на учениците со ЛИП влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај истите. Со анализа на податоците за влијанието на временскиот престој во ученички дом е добиен резултат $p<0.005$, што значи дека должината на престој во ученички дом влијае на појавата на девијантно однесување

- **Хипотезата „ Машките адолесценти со лесна интелектуална попреченост манифестираат поголем степен на девијантно однесување" не е потврдена.** Со статистичка обработка на податоците, добиен е резултат $p=0.115$, односно $p>0.05$, што значи дека не постои статистички значајна разлика во поведението на учениците со ЛИП кои се од различен пол. Ова упатува на заклучокот дека полот не влијае на појавата односно манифестирањето на девијантно однесување кај учениците со ЛИП.

- **Хипотезата „Адолесцентите од ромска етничка припадност манифестираат поголем степен на девијантно однесување" е потврдена.** Од вкупниот број на ученици со намалено поведение, 57.1% се од ромска етничка припадност, и 42.9% се од македонска етничка припадност.

## 3.2. Препораки

Врз основа на резултатите добиени во текот на истражувањето и донесените заклучоци, со цел елиминирање на можноста за појава на девијантни облици на однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост, ги предлагаме следните предлог мерки:

- Училиштата да водат навремено евидентирање и регистрирање на учениците кои манифестираат одреден облик на девијантно однесување, со цел благовремено преземање на сите потребни мерки и активности за отстранување на овие несакани видови на однесување.

- Зголемување на нивото на информираност на адолесцентите со лесна интелектуална попреченост и нивните семејства во врска со девијантното однесување. Овде се препорачува и зголемена активност на невладиниот сектор и локалната самоуправа.

- Медиумите доследно да го почитуваат правилото за терминот на емитување на програма според возраста на телевизиските консументи.

- Доследна примена на законската регулатива за забрана на продажба и точење на алкохол на малолетни лица.

- Понатамошно унапредување на соработката помеѓу различните субјекти во училиштето, зголемување на соработката помеѓу училиштата и родителите на учениците, како и подобрување на соработката на училиштата со сите надлежни субјекти кои ја третираат оваа проблематика.

- Зголемување на културно – образовното ниво на родителите и овозможување на услови за да си го пронајдат своето место на пазарот на трудот а со тоа да овозможат и подобри економски услови за одгледување на нивните деца.

- Унапредување на здравствената и социјалната заштита на адолесцентите со интелектуална попреченост.

- Воведување на модел на врсничка медијација во училиштата, при што учениците со примерно поведение и одличен успех би се назначувале како тутори на нивните врсници со проблематично однесување и на тој начин ќе ги насочуваат кон просоцијални облици на однесување.

# ЛИТЕРАТУРА


1. AAMR – American Association on Mental Retardation, 2002. Mental Retardation – Definition, classification, and system of support, Washington DC.
2. AAIDD - American Assosiacion of Intellectual Disability. 2010. Common characteristics of intellectual disabilities. [pdf] Available at: http://themorris.org/PDFS/Common%20Characteristics%20of%20People%20with%20Intellectual%20Disabilities.pdf [Accessed 25.07.2011]
3. AAIDD - American Assosiacion of Intellectual Disability. 2011. Sexuality and intellectual disability. [online] Available at: http://www.aaidd.org/content_198.cfm [Accessed 25.07.2011]
4. Агенција за млади и спорт, 2009. Акционен план за имплементација на националната стратегија за млади на Република Македонија. Скопје. [online] Available at: http://www.slideshare.net/coalitionSEGA/akcionen-plan-za-implementacija-na-nacionalnata-strategija-za-mladi-na-rm [Accessed 28.07.2011]
5. Ајдински, Г., 2007. Олигофренологија. Скопје. Филозофски факултет.
6. Ајдински, Љ., 1982. Интегрална рехабилитација на ментално ретардираните лица. Белград. ЈКСД.
7. Alaska Division of Behavioral Healt, 2011. Risk and protective factors for adolescent substance use (and other problem behavior). [pdf] Available at: http://www.hss.state.ak.us/dbh/prevention/programs/spfsig/pdfs/Risk_Protective_Factors.pdf [Accessed 20.07.2011]
8. Алексиевски, С., 2005. Психологија со криминалистичка психологија. Скопје. Самостојно издание.
9. Anderson, P, et. Al., 2008. Disability documentation guidelines to determine eligibility for accommodations at the postsecondary level. Connecticut association on higher education and disability. [online] Available at: http://www.ahead.org/aff/ctahead/docguidelines.htm [Accessed 26.07.2011]

10. APA – American Psychiatric Association, 2010. R 31 Gambling disorder. [online] Available at: http://www.dsm5.org/proposedrevision/Pages/proposedrevision.aspx?rid=210 [Accessed 25.07.2011]
11. APA – American Psychological association, 2002. Developing adolescents: A reference for professionals. [pdf] Available at: http://www.apa.org/pi/families/resources/develop.pdf [Accessed 25.07.2011]
12. Bakere et Al. 2010. Problem and pro – social behavior among Nigerian children with intellectual disability: The implication for developing policy for school based mental healt programs. [PDF] Available at: http://www.biomedcentral.com/content/pdf/1824-7288-36-37.pdf [Accessed 25.07.2011]
13. Berney, T. and Smith. A. P., 2010. Psychiatric services for children and adolescents with intellectual disabilities. London. Royal College of psychiatrists [PDF] Available at: http://www.rcpsych.ac.uk/files/pdfversion/CR163.pdf [Accessed 25.07.2011]
14. Биро за развој на образованието, 2011. Ученички домови. [online] Available at: http://www.bro.gov.mk/?q=ucenicki-domovi [Accessed 26.07.2011]
15. Birch, N. D., 2008. Impact of alcohol consumption on young people. Institute of health and society at Newcastle university. [pdf] Available at: http://www.education.gov.uk/consultations/downloadableDocs/Review%20of%20existing%20reviews%20%28Full%29.pdf [Accessed 26.07.2011]
16. Бихејвиорална терапија. 1991. Београд. Институт за ментално здравје.
17. Bojanin, S. i Radulović, K., 1988. Socijalna psihijatrija razvojnog doba. Beograd. IRO „Naučna knjiga".
18. Bouillet, D., 1998. Priručnik za diferencijalni tretman maloljetnih delikvenata na temelju konceptualne razine s uputama za upotrebu testa nedovršenih rećenica. Zagreb. Edukacisko rehabilitaciski fakultet.
19. Бошковиќ, М., 1995. Криминологија и социјална патологија. Нови Сад. Матица Српска.
20. Велкова, Т., 1999. Повторот кај малолетните сторители на кривични дела. Штип. „2-ри август".
21. Видановиќ, И., 1991. Методика социјалног рада с појединцем и породицом. Београд. „Научна книга"

22. Галевска, А. Н., 1998. Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието. Битола. „Киро Дандаро“.
23. Geldard, K., 2009. Practical interventions for Young people at risk. Sage Publication Ltd
24. Graber, A. J. Gunn, B. J. and Petersen C. A., 1996. Transitions throuhg adolescence [online] New Yersey. Available at: http://books.google.com/books?id=mDaStT-bI5gC&pg=PA158&dq=antisocial+behavior&hl=mk&ei=KM67Te22EcTAswaS66SEBg&sa=X&oi=book_result&ct=result&resnum=10&ved=0CFEQ6AEwCTiMAQ#v=onepage&q=antisocial%20behavior&f=false [Accessed 15.05.2011]
25. Groce, E. N. and Paegelow, C., 2005. Violence againts children with disabilities [pdf] New York: UNICEF. Available at: http://www.childinfo.org/files/childdisability_FinalReportViolenceagainstChildrenwithDisabilities.pdf [Accessed 10.02.2011]
26. Golubović, S. i grupa autora, 2005. Smetnje u razvoju kod dece mlađeg školskog uzrasta. Beograd. Defektološki fakultet.
27. Димитријоска, С., 2009. Социјална работа со малолетници сторители на кривични дела. Скопје. Филозофски факултет.
28. Douma.H.C.J. et Al., 2006. Supporting parents of youths with intellectual disabilities and psychopathology. Journal of intellectual disability research. Vol. 50., part 8. Pp 570 – 581 [pdf] Available at: http://www.fatih.edu.tr/~hugur/PATIENT/Supporting%20parents%20of%20youths%20with%20intellectual%20disabilities%20and%20psychopathology.pdf [Accessed 10.02.2011]
29. Downs, W. Ch. Moore E. and McFadden, J. E., 2010. Child Welfare and Family Services. Pearson education, Inc.
30. Drew, J. C. and Hardman, L. M., 2004. Mental retardation, Ohio. Columbus.
31. Edwards, D. R. and Shiel, C.W., 2011. Teen drug abuse. MedicineNet.com. [online] Available at: http://www.medicinenet.com/drug_abuse/article.htm [Accessed 10. 02. 2011]
32. Emedicinehealth, 2011, Narcotic abuse (cont.), [online] Available at: http://www.emedicinehealth.com/narcotic_abuse/page3_em.htm [Accessed 25.07.2011]

33. Закон за заштита на децата, 2000. Сл. Весник на Р. Македонија бр. 98/2000; Сл. Весник на Р. Македонија бр. 113/2005
34. Закон за здравствена заштита, 1997. Сл. Весник на Р. Македонија – пречистен текст бр. 17/97
35. Закон за радиодифузна дејност, 2005. Собрание на Р. Македонија [pdf] Available at: http://www.google.com/search?ie=UTF-8&oe=UTF-8&sourceid=navclient&gfns=1&q=zakon+za+radiodifuzna+dejnost [Accessed 25.07.2011]
36. Закон за социјална заштита, 2009, Сл. Весник на Р. Македонија бр. 79/09 [pdf] Available at: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=4642 [Accessed 25.07.2011]
37. Закон за средно образование, 1995. Сл. Весник на Р. Македонија бр.44/95 [pdf] Available at: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=470 [Accessed 25.07.2011]
38. Закон за ученички стандард, 2005. Сл. Весник на Р. Македонија бр. 52/05 [pdf] Available at: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=271 [Accessed 25.07.2011]
39. Jodd – Journal on developmental disabilities. 2008. Involvment of adolescents with intellectual disabilities in social and recreational activities. Vol.14, number 2. [pdf] Available at: http://www.oadd.org/publications/journal/issues/vol14no2/download/abellsEtAl.pdf [Accessed 25.07.2011]
40. Jašović, Z., 1991. Kriminologija maloletničke delikvencije. Beograd. IDP "Naučna knjiga".
41. Kirk, A. T., McQuillan, K. M. and Stillman, A., 2008. Youth gambling in Connecticut 2008 status and challenges [pdf] Available at: http://www.ct.gov/dmhas/lib/dmhas/pgs/executivesummary.pdf [Accessed 25.07.2011]
42. Киткањ, З., 2009. Престапничко однесување кај малолетните сторители со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит. Докторска дисертација. Филозофски факултет. Институт за дефектологија
43. Knežić, B.,2001. Obrazovanje i resocijalizacija. Beograd. Zavod za udbenike i nastavna sredstva.

44. Конвенција за правата на детето. 20.11.1989. ООН.

45. Кривичен закон на Република Македонија, 1996. [pdf] Available at: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=233 [Accessed 15.06.2011]

46. Manzoni, L. M., 2006. Psihološke osnove poremećaja u ponašanju. Zagreb. „Naklada Slap“.

47. Марбургер, Х., 1987. Развој и концепти социјалне педагогије. Загреб. Факултет за дефектологију, Свеучилишта у Загребу

48. Маровиќ, Ж. Д., Ѓуришиќ, З., 1990. Социологија. Београд. ИГРО „Нова просвета“

49. Mc Laughlin et al., 2007. The experiences of professionals who care for people with intellectual disabilities who have substance related problems. Northern Ireland [pdf] Available at: http://www.drugsandalcohol.ie/6894/1/McLaughlin_4134_Experiences_of_professionals_who_care_2005.pdf [Accessed 15.06.2011]

50. MedicineNet.com. 2011 Alcohol abuse and alcoholism. [online] Available at: http://www.medicinenet.com/alcohol_abuse_and_alcoholism/article.htm [Accessed 10.02.2011]

51. Mejovšek, M., 2001. Uvod u penološku psihologiju. Zagreb.Edukacisko-rehabilitaciski fakultet sveuićlišta u Zagrebu.

52. Merrick et.al, 2006. A review of suicidality in persons with intellectual disability [pdf] Available at: http://www.psychiatry.org.il/upload/infocenter/info_images/1004200752829PM@Pages%20from%20IJP-43-4-5.pdf [Accessed 10.02.2011]

53. Muller, P. M., RxC програм заанализа на табели на контингенција за Windows, 1997

54. Nagy, J., Schultz, J. and Axner, M., 2011. Talking about risk and protective factors related to community issues. The community tool box. [online] Available at: http://ctb.ku.edu/en/tablecontents/sub_section_main_1028.aspx [Accessed 10.06.2011]

55. National center for missing & exploited children, 2002. Female juvenile prostitution: Problem and responsee. [pdf] Available at: http://www.missingkids.com/en_US/publications/NC68.pdf [Accessed 25.07.2011]

56. National crime prevention centre, 2008. Family – based risk and protective factors and their effects on juvenile delinquency : What do we know?. Publict safety Canada [pdf] Available at: http://www.publicsafety.gc.ca/res/cp/res/_fl/rpf-jd-eng.pdf [Accessed 25.07.2011]

57. National dissemation center for children with disabilities. 2011. Intellectual disabilities. [pdf] Available at: http://nichcy.org/wp-content/uploads/docs/fs8.pdf [Accessed 25.07.2011]

58. O'Neill, J., 2008. Safe and drug – free schools: Introduction to risk and protective factors. Statewide Conference. [pdf] Available at: http://www.michigan.gov/documents/mde/RiskandProtectiveFactors_305691_7.pdf [Accessed 27.07.2011]

59. Павловић, Ж. В. и Лепојевич, К. М., 2010. Превенција и третман поремечаја понашања. Београд. Факултет за специјалну едукацију и рехабилитацију.

60. Петров, Р., 2009. Домска воспитно – образовна работа. Скопје. Филозофски факултет.

61. Попоски, Д.,1987. Менталната ретардираност кај децата и малолетниците и девијантното однесување. Скопје. НИО „ Студентски збор".

62. Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со пречки во физичкиот или психичкиот развој Службен весник на РМ, бр. 30/2000

63. Preston, P., 2010. Parents with disabilities. International encyclopedia of rehabilitation. [pdf] Available at: http://cirrie.buffalo.edu/encyclopedia/en/pdf/parents_with_disabilities.pdf [Accessed 03.06.2011]

64. Pearlman, J., 2011. Self-harm:Recovery, Advise and Support. TheSite.org. [online] Available at: http://www.thesite.org/healthandwellbeing/mentalhealth/selfharm [Accessed 03.06.2011]

65. Radovanović, D., 2007. Poremećaji ponašanja u sistemu obrazovanja. Beograd. Univerzitet u Beogradu.

66. Reynolds, T., Zupanick, E. C., and Dombeck, M., 2011. Associated behavioral and psychological features. MentalHelp.net. [online] Available at: http://www.mentalhelp.net/poc/view_doc.php?type=doc&id=10328&cn=208 [Accessed 25.07.2011]

67. Rosen, A. J., et al. 2010. Noncognitive skills in the classroom: New perspectives on educational research. Research triangle institute. [pdf] Available at: http://www.rti.org/pubs/rtipress/rosen/Chapter7_Antisocial_and_Prosocial_Behavior.pdf [Accessed 25.07.2011]

68. Rot, N., 1995. Psihologija grupa. Beograd. IP „Zavet“.

69. Sackett, Ch., 2011. Negative effects of mass media on adolescents. eHow Family [online] Available at: http://www.ehow.com/info_8647618_negative-effects-mass-media-adolescents.html [Accessed 25.07.2011]

70. Smith, M., Robinson, L. and Segal, J., 2011. Alcoholism and alcohol abuse, sings, symptoms and help for drinking problems. Helpguide.org. [online] Available at: http://helpguide.org/mental/alcohol_abuse_alcoholism_signs_effects_treatment.htm [Accessed 25.07.2011]

71. Singer, M. I Todorovich, M. Lj.,1993. Delikvencija mladih.Zagreb. Globus, N. zavod.

72. Стакич, Џ., 1991. Методика рада са малолетним деликвентима. Београд. Дечје новине.

73. Сулејманов, З. 2000. Македонска криминологија. Скопје

74. Сулејманов, З. И Стојаноски, Н.,2002. Социјална патологија. Скопје. Филозофски факултет.

75. Scince Daily. 2008. Teens’ perception That they are liked found to be at least as important as actually being liked. [online] Available at: http://www.sciencedaily.com/releases/2008/05/080515073014.htm [Accessed 12.05.2011]

76. Schwartz, A. 2011. Why do women become prostitutes and why men go to them?. MentalHelp. [online] Available at: http://www.mentalhelp.net/poc/view_doc.php?type=doc&id=42821 [Accessed 25.07.2011]

77. Taggart, L. et al. 2007. Listening to people with intellectual disabilities who misuse alcohol and drugs. [pdf] Available at: http://www.drugsandalcohol.ie/6915/1/McLoughlin_4215_Health_and_social_care_2007_Listening_to_people.pdf [Accessed 12.05.2011]

78. Tadić, N., 1989. Psihijatrija detinjstva i mladosti. Beograd. Naućna knjiga.

79. UNICEF.,2008. Monitoring Child disability in developing countries. New York [online] Available at: http://www.childinfo.org/files/Monitoring_Child_Disability_in_Developing_Countries.pdf [Accessed 12.05.2011]
80. Uzelac, S., 1995. Socijalna edkologija. Zagreb.Sagena d.o.o
81. Uzelac, S. i suradnici, 1990. Odgoj I preodgoj djeteta I maloljetnika izvan institucije.Zagreb. Fakultet za defektologiju.
82. Fagan, A. A. et. Al, 2007. Using community and family risk and protective factors for community – based prevention planning. Journal of community psychology, Vol.35, No. 4. [online in Wiley InterScience] Available at: http://www.ou.edu/cls/online/lstd5433/pdfs/fagan.pdf [Accessed 20.07.2011]
83. Farrington, P. D. and Welsh, C. B., 2007. Saving children from a life of crime. New York. Oxford university press.
84. Find youth info, 2011. What are risk and protective factors. [online] Available at: http://www.findyouthinfo.gov/research.shtml [Accessed 27.07.2011]
85. Haase, T. and Pratschke, J., 2010. Risk and protection factor for substance use among young people. Dublin. NACD [pdf] Available at: http://www.nacd.ie/publications/RiskYoungPeopleSchool.pdf [Accessed 12.05.2011]
86. Healey, J., 2011. Children and Young People at Risk. [online] Available at: http://spinneypress.com.au/books/children-and-young-people-at-risk/. [Accessed 10.02.2011]
87. Heilbrun, K. and Goldstein, S. E.N.,2005. Juvenile Delinquency. New York. Oxford university press, New York, 2005.
88. Heward, L. W. and Orlansky, D. M.,1980. Exceptional children. Ohio. Merrill publishing company, Columbus
89. Home office, 2011. More effective responses to anti – social behaviour. [pdf] Available at: http://www.homeoffice.gov.uk/publications/consultations/cons-2010-antisocial-behaviour/asb-consultation-document?view=Binary [Accessed 20.05.2011]
90. Чадловски , Г., 2004. Психијатрија. Скопје. Просветно дело АД.
91. Чадловски, Г., Филиповска, А., Белевска, Д., 2004. Медицинска психологија. Скопје. Просветно дело АД

92. CDDH – The centre for developmental disability health Victoria., 2008. Working with people with intellectual disabilities in healthcare settings. [pdf] Available at: http://www.cddh.monash.org/assets/documents/working-with-people-with-intellectual-disabilities-in-health-care.pdf [Accessed 20.05.2011]
93. Center for effective collaboration and practice. 2000. Preventing antisocial behavior. [online] Available at: http://cecp.air.org/resources/schfail/prevent.asp [Accessed 20.05.2011]
94. Centers for disease control and prevention, 2009. Suicide Prevention, Yought people. [online] Available at: http://www.cdc.gov/violenceprevention/pub/youth_suicide.html [Accessed 15.05.2011]
95. Chartier, G. K., et al. 2011. Development and vulnerability factors in adolescent alcohol use. National institutes of health. [pdf] Available at: http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2916876/pdf/nihms189307.pdf [Accessed 15.07.2011]
96. Churćić, V., 1997. Adolescencija revolucija i evolucija u razvoju. Beograd. IP Žarko Albulj.
97. Đorđević, D.,1988. Pedagoška psihologija. G. Milanovac. Dečje novine.
98. Džinić, Š. J., 1988. Socijalna patologija. Beograd. Zavod za uđbenike i nastavna sredstva.
99. Шкариќ, М. О., 2004. Развојна психологија. Скопје. Филозофски факултет.
100. Walker, M. H., 1998. First steps to prevent antisocial behavior. [online] Available at: http://www.fape.org/idea/How_it_works/juv_firststeps.htm [Accessed 15.05.2011]
101. Wehmeyer, L.M. and Obremski S.,2011. International encuclopedia of rehabilitation. Intellectual disabilities. [online] Available at: http://cirrie.buffalo.edu/encyclopedia/en/article/15/ [Accessed 12.02.2011]
102. World Health Organization, 1992. ICD-10 Classification of Mental and Behavioral Health Disorders. Clinical descriptions and diagnostic guidelines. Geneva.
103. World Healt Organization, 2011. Action needed to reduce health impact of harmful alcohol use. Geneva [online] Available at: http://www.who.int/mediacentre/news/releases/2011/alcohol_20110211/en/index.html [Accessed 15.05.2011]

104. Wiber, K.M. and Potenza N.M.,2006., Adolescent Gambling. PubMed Central Available at: http://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC2945873/ [Accessed 12.02.2011].

# ПРИЛОЗИ

## Анализа на ученичко досие

**1. Училиште __________**

**2. Календарска возраст на ученикот __________**

**3.Пол**

- Машки
- Женски

**4. Во моментот ученикот посетува:**

- I -година
- II -година
- III –година

**5. Редовност во училиште:**

- Редовен
- Повремени оправдани отсуства
- Повремени неоправдани отсуства
- Нередовен

**6.Училишен успех:**

- Одличен
- Многу добар
- Добар
- Доволен
- Недоволен

**7. Училишно поведение:**

- Примерно
- Добро
- Незадоволително

**8. Изречени воспитни мерки:**

- Писмена опомена
- Писмена опомена пред отстранување од училиште

**9.Со кого живее детето:**

- Семејство
- Згрижувачко семејство
- Ученички дом
- Дом за деца без родители
- Друго __________

**10. Образовно ниво на родителите:**

| Татко | Мајка |
|---|---|
| • Високо образование | Високо образование |
| • Вишо образование | Вишо образование |
| • Средно образование | Средно образование |
| • Основно образование | Основно образование |
| • Друго __________ | Друго __________ |

**11. Место на живеење:**

- Град __________
- Село __________

**12. Национална припадност:**

- Македонец
- Албанец
- Ром
- Турчин
- Друга __________

**13. Број на деца во семејството:**

- 1
- 2
- 3 и повеќе

**14. Девијантно однесување во семејството:**

*(Заокружете ги можните одговори)*

а) Татко б) мајката в) друг член во семејството

## Анкетен лист за воспитно образовен кадар во училиштето

Почитувани!

Анкетниот лист е наменет за истражување на девијантните форми на однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост. Анкетата е анонимна, а добиените податоци ќе бидат искористени за потребите на истражувачкиот дел на мојот магистерски труд. Заради поголема веродостојност на добиените податоци, Ве молам за искреност при одговарање на прашањата.

***Внимателно прочитајте ги прашањата и одговорете на понудените одговори.***

1. **Водите ли евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците?**
   - Да
   - Не

2. **Кој вид на девијантно однесување манифестираат вашите ученици?** *(заокружете ги сите можни одговори)*

   - Проституција
   - Хазардни игри
   - Самоубиство и обид за самоубиство
   - Алкохолизам
   - Наркоманија
   - Деликвенција

3. **Разговарате ли со учениците за девијантното однесување?**
   - Никогаш
   - Ретко
   - Често

4. **Сметате ли дека учениците со лесна интелектуална попреченост се доволно информирани за последиците од разните видови на девијантно однесување?**
   - Не
   - Делумно
   - Да

5. **Дали учениците кои манифестираат девијантно однесување самоиницијативно започнуваат разговор (бараат помош) од вас?**
   - Никогаш
   - Ретко
   - Често

6. **Дали родителите на овие ученици покажуваат интерес за решавање на проблемите од ваква природа?**
   - Никогаш
   - Ретко
   - Често

7. **Манифестирањето на девијантно однесување е во корелација со слабиот училишен успех и незадоволителното поведение?**
   - Не
   - Делумно
   - Да

8. **Интернатски згрижените ученици во поголем степен манифестираат девијантно однесување:**
   - Не
   - Делумно
   - Да

9. **Во воспитно образовната работа применувате повеќе:**

*(можете да го заокружите едниот или двата понудени одговори)*

- Забрани и ограничувања
- Поттикнување и наградување

**10. Дали воспитната во однос на образовната компонента во средните училишта е подеднакво застапена?**

- Не
- Делумно
- Да

**11.Соработката меѓу воспитно образовниот кадар и стручниот тим во работата со овие ученици е:**

- Незадоволителна
- Задоволителна
- Добра

## Анкетен лист за членовите на стручниот тим во училиштето

Почитувани!

Анкетниот лист е наменет за истражување на девијантните форми на однесување кај адолесцентите со лесна интелектуална попреченост. Анкетата е анонимна, а добиените податоци ќе бидат искористени за потребите на истражувачкиот дел на мојот магистерски труд. Заради поголема веродостојност на добиените податоци, Ве молам за искреност при одговарање на прашањата.

***Внимателно прочитајте ги прашањата и одговорете на понудените одговори.***

**1. Кој вид на девијантно однесување манифестираат вашите ученици?** *(заокружи ги сите можни одговори)*

- Проституција
- Хазардни игри
- Самоубиство и обид за самоубиство
- Алкохолизам
- Наркоманија
- Деликвенција

**2. Водите ли евиденција за појавата и видовите на девијантно однесување кај учениците?**

- Да
- Не

**3. Разговарате ли со учениците за девијантните однесувања?**

- Никогаш
- Ретко
- Често

**4. Сметате ли дека учениците со лесна интелектуална попреченост се доволно информирани за последиците од девијантните форми на однесување?**

- Не
- Делумно
- Да

**5. Дали учениците кои манифестираат девијантно однесување самоиницијативно започнуваат разговор (бараат помош) од вас?**

- Никогаш
- Ретко
- Често

**6. Дали родителите на овие ученици покажуваат интерес за решавање на проблемите од ваква природа?**

- Никогаш
- Ретко
- Често

**7. Манифестирањето на девијантното однесување е во корелација со слабиот училишен успех и незадоволителното поведение?**

- Не
- Делумно
- Да

**8. Интернатски згрижените ученици во поголем степен манифестираат девијантно однесување:**

- Не
- Делумно
- Да

**9. Во воспитно образовната работа применувате повеќе:**

*(можете да го заокружите едниот или двата понудени одговори)*

- Забрани и ограничувања
- Поттикнување и наградување

**10. Соработката меѓу наставниците- воспитувачите и стручниот тим во работата со овие ученици е:**

- Незадоволителна
- Задоволителна
- Добра

**11. Постои ли соработка на вашето училиште со надлежните институции кои ја опфаќаат-третираат оваа проблематика?**

- Не
- Делумно
- Да